


Компаративна анализа

# Мировно образование
2011-2019

ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Март 2020

**БРИМА ДОО**
III Мак. Бригада 48 (Управна зграда Раде Кончар)
PO box 593, 1000 Скопје МАКЕДОНИЈА
VAT No. MK 4030999372067
Tel./fax: ++389 (02) 2461 848
E-mail: office@brima.com.mk
Web: www.kantartns-see.com

Компаративна анализа

# Мировно образование

2011-2019

Март 2020

**Наслов:** Компаративна анализа Мировно образование 2011 – 2019

**Издавач:** Прва детска амбасада во светот „Меѓаши“ Ул. Коста Новаковиќ бр.22а  1000 Скопје

**Телефон:** +389 2 2465 316

**e-mail:** info@childrensembassy.org.mk; peace@childrensembassy.org.mk

**За издавачот:** М-р Драги Змијанац, претседател и основач

**Уреднички:** Ана Битољану, Фатмире Ајдари и Гордана Пирковска Змијанац

**Графичко обликување:** „Инвенто“

**Лектура:** Марина Гечевска Василевска

**Печатење:** „Инвенто“

# Содржина

1. Вовед ........................................................................................................................................ 5

2. Анализа на социодемографскиот профил на ученичките/учениците и професорите/ професорките во средните училишта ...................................................................................... 7

3. Генерална слика за перцепцијата на вкупната клима на односите помеѓу ученичките/ учениците во средните училишта.................................................................................... 10

4. Меѓуетничка клима во училиштата (2011- 2019)....................................................................17

5. Врсничко насилство – булинг и други форми на насилно однесување .................................21

6. Перцепција на тепачките од страна на ученичките/учениците (2019)................................. 32

7. Причини за насилно однесување и односот кон насилно однесување (2019) ....................... 35

8. Мерки за подобрување на разбирањето помеѓу ученичките/учениците од различни етнички групи во училиштата (2019)........................................................................................40

9. Жртви на насилство (2011 – 2019)............................................................................................ 43

10. Мерки кои треба да се преземат кон насилниците во училиштата (2019) ..........................46

11. Оправданост на употребата на насилство во решавање на проблемите во општеството (2011 - 2019) ..............................................................................................................48

12. Обраќање за помош при доживување насилство (2019) ......................................................49

13. Мерки за намалување на насилството во училиштата ....................................................... 52

14. Проценка за зголемување/намалување на насилството во училиштата (2019)....................57

15. Резиме на главните наоди од истражувањата .......................................................................58

Прилог 1 Прашалник за учениците..............................................................................................60

Прилог 2 Прашалник за професори/професорки .......................................................................68

Прилог 3 Одговор на ученичките/учениците на прашањето: В14. „Што, според твое мислење, треба да преземе училиштето со цел да се намали насилството меѓу врсниците?“.......................................................................................................................73

## Програма за мировно образование

Првата детска амбасада во светот – Меѓаши започна со спроведување на Програмата за мировно образование во 2011 година. Промовирајќи ги мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем, сакавме да укажеме на потребата од поинтензивно вградување на Мировното образование во наставните курикулуми. Мировната едукација е составен дел на воспитанието и образованието за демократско граѓанство и таа се темели на потребата од превенција од насилството и можни нови судири.

Спроведувањето на Програмата за мировно образование во голема мерка зависи од заинтересираноста на наставниот кадар во самите училишта. Во изминатите години повеќе средни училишта од неколку градови од државата се вклучија во програмата - Виница, Велес, Гостивар, Дебар и Скопје. Сè почесто нови училишта се вклучуваат на нивно барање, но постојано се внимава и на зајакнување на капацитетите на училиштата кои веќе се влучени во програмата. За наставниот кадар вклучен во програмата континуирано организираме обуки на различни теми, процесот на едукации никогаш не завршува, обуките се места за споделување, инспирирање и учење едни од други.

Професори и професорки вклучени во програмата имаат задача во училиштата да организираат мировни активности со учениците/ученичките, креирајќи содржини преку кои младите активно ќе се вклучат во градењето на мирот во своите училишта, но и пошироко. Преку мировните активности се сензибилизираат учениците/ученичките за прашања од областа на комуникацијата и ненасилната разработка на конфликти, препознавање на различни видови насилство, прифаќање на различностите, вклучање во процеси на донесување одлуки, активно граѓанство, глобална солидарност итн. или иницираат активности како на пример, Форум театар, еколошки активности и слично. Севкупно, активностите имаат цел да ги поттикнат младите да заземат активен став во нивната средина, без насилство и со свесност за бројните видови неправди, дискриминации и насилства, пренесувајќи им вештини и знаења кои се важни за градење активен мир, граѓанско организирање и ненасилно дејствување.

Во 2018 година преку Програмата за мировно образование започната е соработка со Министерството за образование и наука, а во 2019 година потпишан е меморандум за соработка помеѓу МОН И ПДАС Меѓаши. Организирани беа повеќе обуки на кои претставниците/претставничките на МОН имаа можност преку лично учество да се запознаат подобро со Програмата за мировно образование, темите кои се обработуваат, методологијата на работа, активностите кои се изведуваат во училиштата, но и да дадат сопствен придонес и сугестии за активностите поврзани со градење мир. Преку договор и соработка со МОН во учебната 2018/2019 година, активностите од Програмата за мировно образование кои се спроведуваа во училиштата беа изведени во склоп на *Пилот-програмата за мировно образование 2018/2019 г.*

Преку Програмата за мировно образование сакаме да придонесеме за намалување на насилствата во училиштата и да ги зајакнеме капацитетите на професорите/професорките и учениците/ученичките во поглед на надминување на конфликтите, разработувајќи ги истите по ненасилен пат. Состојбата со насилството во државата е повеќе од загрижувачка, а меѓуетничките односи и понатаму се кревки. Една од потешкотиите во справувањето со врсничкото насилство е и немањето соодветни податоци за насилството во училиштата. Оттука произлезе и потребата да го изведеме истражувањето кое е пред вас. Во склоп на истражувањето добиените податоци можат делумно да дадат увид и во поширока слика за состојбата во средните училишта на ниво на цела држава, да помогне и во анализите на оваа проблематика на државо ниво, но пред сè, нас нè интересираа меѓуетничките односи и застапеноста на насилството во училиштата вклучени во Програмата за мировно образование. Истражувањето дава увид за состојбата во училиштата и ќе помогне во осмислување на конкретни активности во училиштата. Истражувањето, исто така, е повратна информација од учениците/ученичките и е чекор напред во вклучување на учениците/ученичките во процесите на донесување одлуки во училиштата, а да се слушне нивниот глас не само што е важно туку е и клучно за сите прашања поврзани со нив.

На крај, посакуваме Мировното образование целосно да стане составен дел на воспитно-образовниот систем. Пред нас е долготраен процес на градење општество кое ќе реагира против сите видови насилството, а различностите нема да ги доживува како закана.

Програмата за мировно образование се спроведува со континуирана поддршка на партнерската организација KURVE Wustrow од Германија и финансиската поддршка на Германското федерално министерство за економска соработка и развој.

Упатуваме голема благодарност до училиштата и наставниот кадар за помошта и отвореноста во спродување на истражувањето.

***Тимот на Програмата за мировно образование, ПДАС Меѓаши***

# 1. Вовед

## *Методологија*

Првата детска амбасада во светот МЕЃАШИ, во соработка со БРИМА – Агенција за истражување на јавното мислење и пазарот, спроведе три истражувања од анкетата за Програмата за мировно образование. Овие анкети се спроведени во меѓусебна соработка на проектни тимови на Меѓаши и професионална поддршка на тимови од БРИМА. Во фокусот на истражувањата беа темите во врска со меѓуетничките односи, меѓуетничките насилства, како и насилствата генерално („булингот" како појава која е сè поактуелна во последните години) во средните училишта.

Главната цел на истажувањето е да се видат ефектите кои се постигнати преку реализација на Програмата за мировно образование и воедно да се овозможи анализа на факторите кои влијаат на реализацијата на Програмата за мировно образование во средните училишта во Република Северна Македонија. За да се обезбеди база на податоци за таква анализа, се спроведоа три истражувања во периодот од 2011 до 2019 година. Овие истражувања се во голема мера поврзани поради предоминантниот начин на испитување и истоветноста на голем дел од прашањата, иако резултатите треба да се гледаат повеќе од аспект на индикација на одреден феномен при нивно компарирање.

За да се остварат тие цели, се пристапи кон подготовка на план за истражување и дизајнирање на примерок и прашалник на истражувањето.

Во 2011 и 2012 година, според планот, истражувањето се спроведе во две фази. Во првата иницијална фаза се собраа податоци со цел да се „сними" ситуацијата во однос на параметрите кои го одредуваат дефинираниот сет прашања кои се однесуваат на различни аспекти на Мировното образование во средните училишта. Со повтореното анкетирање се доби „снимка" за промените на истите параметри кои се случиле во периодот помеѓу овие две истражувања (рамката на временскиот период е една година, есента 2011 – есента 2012 година).

Во рамките на овој план:

- Првата анкетата е спроведена во период ноември – декември, 2011 година и во ова истражување се анкетирани 370 ученички/ученици од 5 средни училишта на територијата на град Скопје.
- Втората анкетата е спроведена во првата половина на декември, 2012 година и во ова истражување се анкетирани 325 ученички/ученици, од 5 средни училишта на територијата на град Скопје.

И во првата и во втората анкета беа анкетирани истите ученички/ученици за да можат да се анализираат реалните промени кои настанале помеѓу двете истражувања во однос на параметрите на истражувањето (забелешка: опфатот во второто истражување на групата ученички/ученици во однос на првиот бран е помал за 45; ваквото „осипување" на иницијалниот примерок е честа појава во ваков тип на истражувања).

Со цел да се оствари увид какво и колкаво е влијанието на различниот социодемографски контекст во училиштата врз ефектите од Програмата за мировно образование, анкетата е спроведена во 3 средни училишта со хетерогена[1] социодемографска стуктура и 2 училишта со хомогена социодемографска структура.

Анкетниот прашалник и во двете истражувања беше идентичен и се состои од 21 прашање (јадро на прашалникот) и 7 демографски прашања. Во втората анкета беше поставено едно дополнително прашање и се однесуваше на оценката дали присуството на насилството во училиштето споредено со минатата година се променило. Исто така, во интерес на поточно евидентирање на сегашните и прет-

[1] Во понатамошниот текст на анализата училишта во кои се образоваат ученички/ученици од сите етнички групи во Македонија - Македонци, Албанци и припадници на другите етнички заедници накратко ќе ги означуваме како социодемографски хетерогени – со означување во табелите како Училиште (М+ и Албанци), а училиштата во кои настава посетуваат Македонци и припадници на останатите етнички заедници ќе ги означуваме како социодемографски хомогени – со означување во табелите како Училиште М+ (Македонци и други)/училиште А (училиште само Албанци).

ходните членови во Мировниот младински клуб[2], во постоечкото прашање: *Дали си член на мировен младински клуб?,* беше воведена нова категорија како можен одговор: *Бев, но веќе не сум член.*

Планот за третото истражување се спроведе во повеќе училишта каде што, освен градот Скопје, се вклучија и училишта од други градови кои, исто така, се опфатени со Програмата на Меѓаши за мировно образование. Од почетокот на овој проект, па до денес, главниот акцент се става на континуирана обука на професорите/професорките на различни теми организирани во рамките на Програмата за мировно образование (основни и напредни тренинзи за градење мир и мировно образование, обуки на тема род и пол, врсничко насилство итн.). Во најновото истражување од 2019 година, покрај учениците, анкетирани се и професорите/професорките од училиштата кои биле, но и оние кои не биле дел од Мировното образование, под претпоставка дека сите испитани ученици биле под одредено влијание од професорите/професорките кои воведувањето на Мировното образование го применуваат во секојдневното работење.

Следствено, прашалниците во ова истражување беа два, различно дизајнирани и наменети за добивање податоци од ученички/ученици и професори/професорки од девет средни училишта од Скопје, Велес, Виница, Дебар и Гостивар. Анкетите беа спроведени во периодот помеѓу ноември и декември 2019 година, на вкупно 400 ученички/ученици и 87 професори/професорки. Подетално, понатамошната анализа е генерално насочена кон претставување на сите резултати за 2019 година и одговорите на професорите/професорките и ученичките/учениците, а во анализата, исто така, ќе има „споредби" на сите три истражувања, односно споредбите ќе бидат наведени само кај идентично поставените прашања во 2011, 2012 и 2019 година. Од таа причина, споредбите од истражувањето од 2019 со истражувањата од 2011 и 2012[3] треба да бидат земени само како одредена индикација заради структурните разлики во дизајнот на примерокот помеѓу последното најново истражување и претходните истражувања, како и разлики во структурата на прашалниците.

Принципот на спроведување на анкетата е со самопополнување, при што пред почетокот на спроведувањето на анкетата испитаниците се инструираат дека е важно личното мислење, дека нема погрешни и правилни одговори и дека е потребно задолжително да се одговори на сите прашања.

Сите овие елементи од планот на истражувањето, примерокот и прашалникот овозможуваат низ анализата на добиените резултати да се пристапи кон утврдување на релевантните фактори и нивните меѓусебни релации кои имаат влијание на Програмата за мировно образование во средните училишта кои се опфатени со истражувањата.

Земајќи предвид дека се анализираат одговорите на ученичките/учениците кои се во фаза на психолошко матурирање, адолесценција, карактеристично за оваа фаза на психолошкиот развој е бунтовност кон авторитети, односно ограничувања во настојувањето да ги интегрираат во својата личност сопствените погледи на важните прашања од животот и односите помеѓу луѓето. Токму заради тоа, една од важните цели на Програмата за мировно образование треба да биде настојувањето да им се даде поддршка на ученичките/учениците во процесот на интегрирање на здрава личност во општеството. Од наведениве причини произлегува дека е објективно и претставува голем предизвик да се работи со оваа возраст, особено кога се во прашање формите на насилно однесување. Затоа треба да се надмине прецепцијата што во некој контекст ја даваат податоците за Програмата за мировно образование дека карактеристиките на оваа популација е таква што го отежнува брзото прифаќање на сѐ она што доаѓа од Програмата за мирновно образование. Во одреден број случаи може да се очекува дека во понатамошните фази на развојот на личноста, стекнатите искуства преку Програмата за мировно образование ќе им биде од драгоцена помош на сегашните ученички/ученици во успешниот процес на личниот развој. Програмата за мировно образование треба да се стави во контекст на лонгитудинално истражување каде што ефектите од Мировното образование ќе може да се евалуираат многу пореалистично во еден подолг временски период.

---

[2] Мировен младински клуб е воннаставна активност во која се инволвирани ученичките/учениците, професорите/професорките и стручните лица од Меѓаши одговорни за едукација и спроведување на Мировното образование.

[3] Преземање на целосната анализа на резултати од истражувањата во 2011 и 2012 година: http://www.childrensembassy.org.mk/komparativna-analiza.nspx

# 2. Анализа на социодемографскиот профил на ученичките/учениците и професорите/професорките во средните училишта

**Табела 1**

| Училиште - ученички/ученици | 2011 | | 2012 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % |
| СУГС Гимназија „Никола Карев“ - Скопје | 88 | 24 | 80 | 25 | 42 | 11 |
| СУГС Гимназија „Орце Николов“ - Скопје | 60 | 16 | 59 | 18 | / | / |
| СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ - Скопје | 78 | 21 | 61 | 19 | / | / |
| СУГС „Арсени Јовков“ - Скопје | 63 | 17 | 57 | 17 | 59 | 15 |
| СГГУ „Здравко Цветковски“ - Скопје | 81 | 22 | 68 | 21 | / | / |
| СУГС Гимназија „Зеф Љуш Марку“ - Скопје | / | / | / | / | 53 | 13 |
| СОУ „28 Ноември“ - Дебар | / | / | / | / | 40 | 10 |
| СОУ Гимназија „Гостивар“ - Гостивар | / | / | / | / | 59 | 15 |
| СЕОУ „Гостивар“ - Гостивар | / | / | / | / | 43 | 11 |
| ССОУ „Димитрија Чуповски“ - Велес | / | / | / | / | 29 | 7 |
| СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ - Велес | / | / | / | / | 41 | 10 |
| СОУ „Ванчо Прке“ - Виница | / | / | / | / | 34 | 9 |
| Тотал | 370 | 100% | 325 | 100% | 400 | 100% |

Во 2019 година истражувањето беше спроведено во девет училишта, од кои три се во Скопје, едно во Дебар, две училишта во Гостивар, две во Велес и едно во Виница. Од вкупно девет училишта, во три училишта учат ученички/ученици од македонска етничка припадност и други етнички припадности (ги сметаме за хомогени училишта), едно училиште е со ученици од албанска етничка припадност (хомогено училиште СУГС Гимназија „Зеф Љуш Марку“), додека сите останати се „хетерогени“, односно во нив има ученички/ученици од македонска, албанска и друга етничка припадност. Поточно, скоро половината од анкетираните ученички/ученици се Македонки/Македонци (48%), околу две петтини се Албанки/Албанци (42%) и останатите 10% се ученички/ученици од друга етничка припадност.

Поспецифично, кај „хомогените“ училишта, распределбата по етничка припадност покажува дека околу 60% од ученичките/учениците се Македонки/Македонци, околу 33% се Албанки/Албанци, а останатите 7% се од други етнички припадности. Од друга страна, во „хетерогените“ училишта, структурата е поразлична. Тука албанските ученички/ученици се опфатени со нешто поголем број од македонските ученички/ученици и тоа 48%:40%, соодветно. Во однос на претходните години (2011 и 2012 година), видливи се разликите во пристапот, каде од вкупно пет училишта во кои беа спроведени истражувањата, во три училишта се образоваат ученички/ученици од сите етнички припадности во Македонија (Македонки/Македонци и останати + Албанки/Албанци), а во останатите две училишта - СУГС Гимназија „Никола Карев“ и СУГС Гимназија „Орце Николов“, само Македонки/Македонци и останати припадности.

Според етничката припадност на учениците во „хомогените“ училишта, во истражувањето од 2011 г., анкетирани се 92% македонски ученички/ученици и 8% припадници на помалите етнички заедници. Во истражувањето од 2012, од национален состав опфатени се: 96% Македонци/Македонки и 4% останати етнички припадности. Во „хетерогените“ училишта во 2011 г. опфатени се: 42% Македонци/Македонки, 49% Албанки/Албанци и 9% од останатите етнички заедници, а во истражувањето од 2012 г. опфатени се: 41% Македонки/Македонци, 51% Албанки/Албанци и 8% од припадниците на помалите етнички заедници.

Во првото истражување во 2011 година (370 ученици), анкетирани се 179 ученици и 191 ученички. Од вкупната бројка, 230 се Македонки/Македонци, 109 се Албанки/Албанци и 31 се од друга ет-

ничка припадност (11 Србинки/Срби, 4 Турчинки/Турци, 4 Ромки/Роми, 1 Влаинка/Влав, 7 Бошњачки/Бошњаци, 2 Хрватки/Хрвати, 2 не ја искажале својата етничка припадност). 302 од анкетираните ученички/ученици живеат во урбана средина, 65 во рурална средина и 3 одбиваат да кажат.

Во второто истражување во 2012 година (325 ученички/ученици) според половата распределеност, 153 се машки и 172 женски ученици. Од вкупната бројка на анкетирани ученички/ученици, 209 се Македонки/Македонци, 95 се Албанки/Албанци и 21 се од друга етничка припадност (8 Србинки/Срби, 1 Турчинка/Турчин, 3 Ромки/Роми, 1 Влаинка/Влав, 6 Бошњачки/Бошњаци, 2 Хрватки/Хрвати). Според местото на живеење, 271 од анкетираните ученички/ученици живеат во урбана средина, 52 во рурална средина и 2 одбиваат да кажат.

Третото истражување спроведено во 2019 година (на 400 ученички/ученици), покажува дека 38% се ученици, 60% се ученички, додека 2% се декларирале во друго. Од сите анкетирани ученички/ученици, 191 е Македонка/Македонец, 167 се Албанки/Албанци, а 42 се од друга етничка припадност (4 од српска етничка припадност, 22 од турска, 9 од ромска, 1 влашка, 5 од бошњачка, 1 од црногорска етничка припадност). Овие ученички/ученици во 70% живеат во градовите, додека 30% се од руралните средини.

Анализата на социолошко-демографскиот профил на анкетираните ученички/ученици во овие средни училишта покажува дека има големи разлики според местото на живеење, етничката припадност на ученички/ученици и половата структура.

Радиусот на опсервација на феномените на насилството во средните училишта е проширен и се опфатени шест училишта вон Скопје. Ваквото дизајнирање на примерокот беше со идеја да направиме примерок кој во многу поголема мера ќе биде близок на вкупниот универзум[4)] на ученичките/учениците во средните училишта. Ова претставува напор да видиме во кој степен и во кои точки се приближни и се слични резултатите, а во кој степен се разликуваат. Во Табелата 2 се претставени училиштата според тоа дали се „хетерогени“ (сд-хетерогени) или „хомогени“. Според Табелата 2, социодемографската структура низ годините е блиска и овозможува добра основа за споредба, но од друга страна, имајќи предвид дека училиштата и ученичките/учениците се различни за споредба, како илустрација ќе ја земеме споредбата на резултатите од истражувањата во 2011 и 2012 г.

**Табела 2**

| Училиште (Училишта М+/ Алб, М+ и Алб) | 2011 | | 2012 | | 2019 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % |
| Училиште М+ (Македонци и други) / Училиште А (само Албанци) | 148 | 40 | 139 | 43 | 158 | 40 |
| Училиште (М+ и Албанци) | 222 | 60 | 186 | 57 | 242 | 60 |
| Тотал | 370 | 100% | 325 | 100% | 400 | 100% |

Професорите/професорките од истите средни училишта одговараа на ист начин со самопополнување на прашалници, меѓутоа тие воглавно ги анализираа ученичките/учениците и проблемите со кои тие се соочуваат во однос на случувањата во училиштата и влијанието на Мировното образование. Дел од прашањата се совпаѓаат со прашањата на кои одговараа ученичките/учениците, а дел помалку или воопшто. Социодемографската структура на професорите/професорките покажува дека од вкупно 87 анкетирани професори/професорки 46 се Македонци/Македонки, а 32 се Албанци/Албанки. Професорите/професорките од другите етнички заедници се помалку, така што Срби/Србинки се 2, Турци/Турчинки се 4, а само еден/една Ром/Ромка. Од аспект на хомогеноста на училиштата, професорите/професорките од хомогени училишта се во помал процент (и тоа околу 40%), а околу 60% се од хетерогените училишта. Нешто повеќе од половината од професорите/професорките (55%) се дел од Програмата за мировно образование која ја спроведува Меѓаши, а 45% не се вклучени во истата програма.

**Табела 3**

| 2019 Училиште- професорки/професори | Дали вие сте дел од Програмата за мировно образование кој се спроведува во училиштата во соработка со Првата детска амбасада во светот - Меѓаши? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Да | | Не | | Вкупно | |
| | Број | % | Број | % | Број | % |
| СУГС Гимназија „Никола Карев“ - Скопје | 3 | 6 | 3 | 8 | 6 | 7 |
| СУГС Гимназија „Орце Николов“ - Скопје | / | / | | | | |
| СМУГС „Д-р Панче Караѓозов“ - Скопје | / | / | | | | |
| СУГС „Арсени Јовков“ - Скопје | 4 | 9 | 5 | 13 | 9 | 11 |
| СГГУ „Здравко Цветковски“- Скопје | / | / | | | | |
| СУГС Гимназија „Зеф Љуш Марку“ - Скопје | 7 | 15 | 2 | 5 | 9 | 11 |
| СОУ „28 Ноември“ - Дебар | 8 | 17 | 6 | 16 | 14 | 16 |
| СОУ Гимназија „Гостивар“ - Гостивар | 3 | 6 | 4 | 11 | 7 | 8 |
| СЕО „Гостивар“ - Гостивар | 5 | 11 | 6 | 16 | 11 | 13 |
| ССОУ „Димитрија Чуповски“ - Велес | 3 | 6 | 3 | 8 | 6 | 7 |
| СОУ Гимназија „Кочо Рацин“ - Велес | 8 | 17 | 7 | 18 | 15 | 18 |
| СОУ „Ванчо Прке“ - Виница | 6 | 13 | 2 | 5 | 8 | 9 |
| Тотал | 47 | 100% | 38 | 100% | 85[5)] | 100% |

5) Двајца/две професори/професорки не одговориле во кое училиште работат и дали се дел од Мировното образование.

# 3. Генерална слика за перцепцијата на вкупната клима на односите помеѓу ученичките/учениците во средните училишта

## *Комуникацијата помеѓу ученичките/учениците од различни етнички групи и комуникацијата помеѓу професорите/професорките од различни етнички групи (2011 – 2019)*[6]

### *а) Фреквенција на комуникацијата*

**График 1**




Базичен фактор кој е нераскинливо поврзан со насилството и целокупната клима во односите помеѓу ученичките/учениците во средните училишта претставува нивната меѓусебна комуникација - како е таа водена и дали постои комуникација помеѓу различни етникуми, односно колку зачестеноста во комуникацијата е од позитивен карактер и влијае на формирањето на поповолна клима во училиштата.

Последното истражување покажува дека скоро 41% од ученичките/учениците комуницираат често со ученички/ученици од други етнички заедници, поретката (одговор „понекогаш") комуникација е присутна кај 34% од ученичките/учениците, додека ретко комуницираат околу 21% од сите ученички/ученици. Само 4% од ученичките/учениците никогаш не комуницирале со ученички/ученици од други етнички групи. Гледано низ призмата на комуникацијата и соживотот на ученичките/учениците, можеме да утврдиме висок степен на поврзаност на одговорите кај тие ученички/ученици кои позитивно („добро"[7]) го оценуваат соживотот со тие кои имаат и почеста комуникација со ученички/ученици од друга етничка припадност. Пропорционално на тоа, ученичките/учениците кои често комуницираат „добро" го оценуваат соживотот во 76%, „ниту добар, ниту лош" го оценуваат 20% од нив, додека „лош" го оценуваат околу 4% од нив. Од друга страна, тие кои „понекогаш" комуницираат со ученички/ученици од други етнички заедници, 63% сметаат дека соживотот е „добар", 30% дека е „ниту добар, ниту лош" и 7% дека е „лош", а најнезадоволни се тие кои имаат најмала комуникација и тоа, тие што ретко комуницираат 47% сметаат дека имаат „добар" соживот, 41% имаат „ниту добар, ниту лош", а пак 12% имаат „лош". Од 16-те ученички/ученици кои немаат никаква комуникација со

---

[7] Одговорите „многу добар" и „добар" се агрегирани како една категорија „добар", а категориите „лош" и „многу лош" се агрегирани во категоријата „лош".

ученички/ученици од други етнички групи, 8 изјавуваат дека имаат „добар", 5 имаат „ниту добар, ниту лош", а 3 имаат „лош соживот"[8]. Од истите, 14 ученички/ученици се подготвени да комуницираат, додека само 2 не се спремни да комуницираат со ученички/ученици од други етнички групи. Кога ќе ги споредиме истражувањата низ годините, забележуваме зголемување на тенденцијата за отвореност за комуникација со ученички/ученици од други етнички заедници кај тие кои немале претходна комуникација.

Од друга страна, пак како што се зголемува зачестеноста на комуникацијата, така се зголемува и спремноста за комуникација. Па така, тие кои „често" или „понекогаш" комуницираат со ученички/ученици од други етнички групи, скоро во целост се спремни за понатамошна комуникација (во 2019 г. само 4 ученички/ученици кои понекогаш комуницираат не се спремни да комуницираат со ученички/ученици од други етнички групи), а тие кои „ретко" комуницираат со ученички/ученици од други етнички групи, покажуваат и нешто помала спремност за комуникација (12 ученика/ученички не се подготвени да комуницираат).

Од резултатите на анкетите кои ги пополнуваа професорите/професорките во врска со тоа колку често комуницираат со професори/професорки од други етнички групи, најголемиот дел од нив - 72% велат дека „често" комуницираат, 13% дека „понекогаш" комуницираат, „ретко" 5%, а пак 8% од професорите/професорките велат дека нема професори/професорки во нивните училишта кои се од други етнички заедници. Комуникацијата меѓу професорите/професорките во хетерогените училишта е значително пофреквентна, отколку меѓу професорите/професорките во хомогените училишта и тоа – „често" во хетерогените училишта комуницираат 80% од професорите/професорките, „понекогаш" околу 18%, а „ретко" само 2%. Како што е веќе напоменато, намалена е фреквенцијата на комуникација меѓу професорите/професорките во хомогените училишта и тоа: „често" комуницираат 60%, „понекогаш" 3%, „ретко" 10%, а нема професори/професорки од други етнички групи во 27% од дадените одговори. Соживотот на професорите/професорките во голема мера, исто како и кај учениичките/учениците, е поврзан со фреквенцијата на комуникација. Следствено, од сите професори/професорки кои се изјасниле дека „често" комуницираат со професори/професорки од други етнички групи, 94% сметаат дека имаат „добар" соживот, 6% дека имаат „ниту добар, ниту лош", а ниеден/ниедна професор/ка не се изјаснил/а дека има „лош" соживот со професорите/професорките од другите етнички групи. Тие, пак професори/професорки кои имаат „понекогаш" комуникација со професори од други етнички групи, 82% имаат „добар", а 18% имаат „ниту добар ниту лош" соживот. Од само 4 професори/професорки кои се изјасниле дека „ретко" комуницираат со професори/професорки од други етнички групи, сите имаат „добар" соживот со другите професори/професорки.

Споредбата на податоците за фреквенцијата на комуникацијата на учениичките/учениците од различна етничка припадност и оценката за квалитетот на соживотот добиени во истражувањата од 2011 и 2012 г. недвосмислено покажуваат дека тие се поврзани на идентичен начин како и во истражувањето од 2019. Во претходните истражувања, исто така, утврдивме дека колку комуникацијата е почеста, толку е и нејзиниот придонес поголем во креирањето генерално поповолна клима во односите помеѓу учениичките/учениците од средните училишта.

### *б) Место на комуникацијата помеѓу учениичките/учениците од различни етнички групи*

Од одговорите на сите анкетирани ученички/ученици, во сите училишта опфатени со трите истражувања, произлегува дека во најголем број случаи учениичките/учениците комуницираат во училиштата (2011 - 70%; 2012 - 73%, 2019 - 70%).

[8] Треба да се напомене дека појавите со изразито ниска фреквентност не е коректно да се изразуваат преку проценти и за да се избегне создавање заблуда во дескрипцијата на појавата, коректно е да се прикажуваат во конкретните бројки.

**График 2**




Местата за комуникација незначително се менуваат низ годините и воглавно остануваат истите главни места каде ученичките/учениците комуницираат. Во 2019 година, освен училиштата, на второ место се местата за забава, потоа соседството, па спортските игралишта итн. Забележан е тренд на намалување на комуникацијата на ученичките/учениците од други етнички групи во соседствата, и тоа од 37% во 2011 г. на 34% во 2012 г., па на 26% во 2019 г., што се должи на структурните разлики во примероците во истражувањата од 2011 – 2012 г. и истражувањето од 2019 г. Имено, ако се вкрстат податоците на ова прашање со варијаблата училишта во Скопје и училишта вон Скопје, покажува дека 34% од ученичките/учениците од Скопје се дружат со ученици од други етнички групи за разлика од ученичките/учениците во средните училишта вон Скопје, 22% се дружат со ученички/ученици во соседството од друга етничка група.

Се забележува одредено варирање на резултатите со тенденција на намалување на бројот на места за комуникација низ годините, во споредбата доколку се анализираат само училиштата во Скопје. Кај одговорите за комуникација на само едно место постои варирање низ годините и тоа од 47% во 2011 г., 40% во 2012 г., па до 58% од истражувањето на резултатите во 2019 година. Податоците покажуваат дека ученичките/учениците од Скопје (58%) почесто комуницираат на едно место, отколку ученичките/учениците што живеат во другите градови (48%). Но, доколку ги гледаме разултатите од вкупниот примерок од 2019 година, воглавно најмногу се комуницира на едно место (најчесто комуникацијата е во училиштата) кај 52% од ученичките/учениците, 25% комуницираат на две места, а 23% на три и повеќе места.

## *Проценка за капацитетите на инклузивноста кај ученичките/учениците од средните училишта (2011 – 2019)*

Следниот сет прашања кој се поставува низ годините се однесува на потенцијалот за прифаќање на блиски врски со припадници од други етнички групи. Во понатамошната анализа терминот „инклузивност“ претставува подготвеност за прифаќање на блиски врски со припадници од различна етничка група, наспроти неподготвеноста за прифаќање блиски врски – „ексклузивност“.

Одговорите во трите истражувања на прашањето *„Дали би прифатил/а дечко или девојка на некој твој близок другар,другарка, или пак на твој роднина да биде од друга етничка група?“*, покажуваат континуирано ниво на подготвеност за прифаќање на блиски врски со припадници од различна етничка група. Имено, од 45% одговори на ученичките/учениците кои изразиле подготвеност да прифатат во 2011 година, во истражувањето од 2012 година истиот процент на подготвени ученички/ученици да прифатат (индикација за инклузивност) блиски врски со припадници од различна етничка

група изнесува 47%, а пак уште повисоки проценти се добиени со истражувањето во 2019 година каде 53% покажуваат инклузија на дечко/девојка од свој близок, а да е од друга етничка група.

**График 3**




Низ годините се забележува тенденција на намалување на интолеранцијата, односно зголемување на инклузивноста што се однесува на училиштата од хомоген и хетероген тип. Поточно, слабо намалување на инклузивноста е забележано кај училиштата од хомоген социодемографски состав - од 61% во 2011/2012[9] на 55% процентни поени во 2019 година. А, одредено зголемување на инклузивноста е забележано кај училиштата од хетероген социодемографски тип, каде зголемувањето на инклузивноста од 2012 година до 2019 година е за 14% процентни поени (51% во 2019 г., наспроти 37% во 2012 година, Табела 4).

**Табела 4**

| Дали би прифатил/а дечко или девојка на некој твој близок другар, другарка или, пак на твој роднина да биде од друга етничка група? | | Училиште (Училишта М+ / Алб, М+ и Алб) | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Училиште М+ (Македонци и други) / училиште А (училиште само Албанци) | | Училиште (М+ и Албанци) | | Број | % |
| | | Број | % | Број | % | | |
| 2011 | Да | 90 | 61% | 77 | 35% | 167 | 45% |
| | Не | 58 | 39% | 145 | 65% | 203 | 55% |
| | Тотал | 148 | 100% | 222 | 100% | 370 | 100% |
| 2012 | Да | 85 | 61% | 69 | 37% | 154 | 47% |
| | Не | 54 | 39% | 117 | 63% | 171 | 53% |
| | Тотал | 139 | 100% | 186 | 100% | 325 | 100% |
| 2019 | Да | 87 | 55% | 123 | 51% | 210 | 53% |
| | Не | 71 | 45% | 119 | 49% | 190 | 47% |
| | Тотал | 158 | 100% | 242 | 100% | 400 | 100% |

9) Податоците се прикажуваат во проценти кога примерокот е извлечен од ист универзум на единици на посматрање. Доколку се работи за податоци од различни години, се менува и универзумот, па затоа во таков случај податоците се прикажуваат во процентни поени.

### *а) Анализа на капацитетите на димензијата инклузивност – ексклузивност според етничката припадност*

Гледано низ призмата на етничката припадност во однос на димензијата на инклузивност, односно ексклузивност, анализата на резултатите од истражувањето покажува дека во однос на ова прашање постојат разлики помеѓу Македонки/Македонци, Албанки/Албанци и припадниците/припадничките на помалите етнички заедници

Кај припадниците/припадничките од албанската етничка припадност, инклузивноста – ексклузивноста останува непроменета во однос на 2012 година со последните резултати добиени во 2019 година. Односно, разлики постојат во однос на 2011 година каде инклузивноста е значајно помалку распространета (28% во 2012) во однос на 2,6 пати пораспространет ексклузивен став (72% во 2011). Кај Македонците/Македонките овие разлики се забележуваат во однос на 2019 година, при што кај ова прашање од последното мерење во 2012 година има зголемување на инклузивноста за 11% процентни поени во 2019 година (49% во 2012 година наспроти, 60% во 2019 година). Пропорционално на тоа, пак кај Македонците/Македонките екслузивноста се намалува. Резултатите се поваријабилни кај припадниците на другите етнички групи поради малите примероци, меѓутоа резултатите покажуваат тенденција на зголемена инклузивност во однос на 2012 година, споредено со 2019 година (2011 - 68%, 2012 – 57% и 2019 – 71%).

**Табела 5**

| Дали би прифатил/а дечко или девојка на некој твој близок другар, другарка или пак на твој роднина да биде од друга етничка група? | | ДА | | НЕ | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | N | % во ред | N | % во ред | N | % во ред |
| 2011 | Македонка/Македонец | 115 | 50% | 115 | 50% | 230 | 100% |
| | Албанка/Албанец | 31 | 28% | 78 | 72% | 109 | 100% |
| | Друга националност | 21 | 68% | 10 | 32% | 31 | 100% |
| | Тотал | 167 | 45% | 203 | 55% | 370 | 100% |
| 2012 | Македонка/Македонец | 103 | 49% | 106 | 51% | 209 | 100% |
| | Албанка/Албанец | 39 | 41% | 56 | 59% | 95 | 100% |
| | Друга националност | 12 | 57% | 9 | 43% | 21 | 100% |
| | Тотал | 154 | 47% | 171 | 53% | 325 | 100% |
| 2019 | Македонка/Македонец | 114 | 60% | 77 | 40% | 191 | 100% |
| | Албанка/Албанец | 66 | 40% | 101 | 60% | 167 | 100% |
| | Друга националност | 30 | 71% | 12 | 29% | 42 | 100% |
| | Тотал | 210 | 52% | 190 | 48% | 400 | 100% |

### *б) Типологијата на емотивниот однос кон етникумите и нивната поврзаност со димензијата инклузивност – ексклузивност кај ученичките/учениците во средните училишта*

Со помош на сетот прашања кој се однесува на чувствата кон одредени етнички групи, ги испитуваме етничките преференции базирани на позитивни, умерени и негативни чувства. Прашањата се однесуваат на оценување на секоја етничка група во петостепена скала која има опсег од многу позитивни до многу негативни чувства кон одреден етникум. Обработката на податоците се базира на агрегација на одговорите на анкетираните и врз основа на така агрегираните податоци се прави типологизацијата на генералниот емотивен однос кон припадниците на етничките групи. Оваа типологизација опфаќа 3 степени на генералниот емотивен однос кон припадниците на етничките заедници:

- доминација на негативни чувства кон припадниците на другите етникуми;
- умерени или мешани емоции кон припадниците на другите етникуми;
- доминација на позитивни чувства кон припадниците на другите етникуми.

Линијата на зацврстување на односот помеѓу инклузијата и доминацијата на позитивни чувства е видлива низ годините. Имено, и покрај варијациите меѓу годините, позитивните чувства доминираат во 2019 година во однос на инклузијата, па така, 60% од ученичките/учениците се изјасниле дека би прифатиле дечко или девојка на некој свој близок и воедно покажуваат позитивни чувства во однос на други етнички групи. Овие проценти се пониски во 2011 и 2012 година каде истите изнесуваат 42% и 33%, соодветно. Фактички, иако со одредени варијации, се забележува поместување на интензитетот на чувствата од умерени кон доминација на позитивни чувства низ годините кај ученичките/учениците од различни етнички групи со инклузивен став. Умерените чувства претставени во проценти се во опсег од 49% во 2011 г., 62% во 2012 г. и 36% во 2019 г. Доминацијата на негативни чувства кон ученичките/учениците од други етнички групи кај ученичките/учениците со инклузивен став се во благо намалување низ годините, па така во 2011 г. од 9% се намалува во 2012 г. на 5%, сè до 2019 година кога процентот се намалува на 3%.

Додека, пак умерените чувства кај ученичките/учениците со ексклузивен став благо се намалуваат гледано низ годините, од 63% во 2011 г., на 61% во 2012, па до 56% во 2019 година. Кај истите ученички/ученици доминацијата на негативен и позитивен став останува скоро непроменета. Па така, доминација на негативни чувства кај ученичките/учениците со ексклузивен став е од 15% во 2011 г., 11% во 2012 г., до 17% во 2019, а доминацијата на позитивни чувства кај истите е од 23% во 2011 г., 28% во 2012 г., до 27% во 2019 година (види Табела 6).

**Табела 6**

| Дали би прифатил/а дечко или девојка на некој твој близок другар, другарка или пак на твој роднина да биде од друга етничка група? | | | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ДА | | НЕ | | | |
| | | N | % | N | % | N | % |
| 2011 | Доминација на негативни чувства | 14 | 9% | 28 | 15% | 42 | 12% |
| | Умерен интензитет на чувства | 79 | 49% | 119 | 63% | 198 | 56% |
| | Доминација на позитивни чувства | 68 | 42% | 43 | 23% | 111 | 32% |
| | Тотал | 161 | 100% | 190 | 100% | 351 | 100% |
| 2012 | Доминација на негативни чувства | 8 | 5% | 19 | 11% | 27 | 9% |
| | Умерен интензитет на чувства | 94 | 62% | 101 | 61% | 195 | 61% |
| | Доминација на позитивни чувства | 50 | 33% | 47 | 28% | 97 | 30% |
| | Тотал | 152 | 100% | 167 | 100% | 319 | 100% |
| 2019 | Доминација на негативни чувства | 7 | 3% | 32 | 17% | 39 | 10% |
| | Умерен интензитет на чувства | 76 | 36% | 107 | 56% | 183 | 46% |
| | Доминација на позитивни чувства | 127 | 60% | 51 | 27% | 178 | 44% |
| | Тотал | 210 | 100% | 190 | 100% | 400 | 100,0% |

Овие акционо-емотивни шаблони на типични реакции кон припадниците на различни етнички групи формираат психолошки аспекти на личноста кои во различни животни ситуации несвесно и автоматски доаѓаат до израз. Од таа причина, кога се бараат причините за проблемите кои настануваат во мешани етнички средини, треба да се води грижа првенствено за емотивно-ирационалните компоненти кои ги одредуваат реакциите на луѓето, а не да се земаат предвид само рационално-објективните детерминанти кои го одредуваат однесувањето на луѓето во мултиетничките средини. Ова е особено важно затоа што овие емотивно-акциони компоненти се лесно „запаливи" кај помладите. Оваа генерализација на поврзаноста, емотивниот тип на линијата на димензијата инклузивност – екслузивност што ја поставивме врз основа на резултатите од истражувањата од 2011 – 2012 г. во истражувањето од 2019 г. варијациите одат во насока на зацврстување на овие врски и претставува, меѓу другото, позитивен придонес на влијанието на Мировното образование во креирање позитивна психолошко-социјална клима во односите помеѓу ученичките/учениците во средните училишта.

Треба да се обрне посебно внимание кон ставовите во однос на оправданоста или неоправданоста за употребата на насилство при решавање на проблемите во општеството. Податоците се особено загрижувачки затоа што помеѓу ученичките/учениците кај кои доминираат позитивни чувства кон другите етнички групи се забележува тренд на зголемување на бројот на ученички/ученици кои сметаат дека е оправдана употребата на насилството (оправдано 2011 – 17%, 2012 - 11%, 2019 – 21%). Ваквиот наод дава основа да се претпостави дека оваа состојба треба да се поврзе со негативните влијанија на политичко-општествените тенденции кои се „прелеваат" во училиштата. Овој тренд е уште поизразен помеѓу ученичките/учениците кај кои доминирале негативните чувства. Помеѓу нив линеарно се зголемува оправдувањето за употреба на насилство и тоа од 36% во 2011 г. на 44% во 2012 г., до 49% во 2019 година (види Табела 7).

Накратко кажано, може да се констатира дека неповолните масовно психолошки општествени тенденции се со поголем негативен ефект од постигнувањата во однос на придобивките постигнати во рамките на Мировното образование. Затоа треба да истакнеме дека во отсуство на стабилен и подолгорочен тренд на подобрување на општествената клима во земјата, во целина, позитивните постигнувања во рамките на Мировното образование ќе бидат ограничени.

**Табела 7**

| | Типологија на емотивните чувства кон други етнички групи | Дали сметаш дека употребата на насилство за да се решат проблемите во општеството е оправдана или не е оправдана? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Оправдана | | Не е оправдана | | Вкупно | |
| | | N | % | N | % | N | % |
| 2011 | Доминација на негативни чувства | 15 | 36% | 27 | 64% | 42 | 100% |
| | Умерен интензитет на чувства | 52 | 26% | 146 | 74% | 198 | 100% |
| | Доминација на позитивни чувства | 19 | 17% | 92 | 83% | 111 | 100% |
| | Вкупно | 86 | 24% | 265 | 76% | 351 | 100% |
| 2012 | Доминација на негативни чувства | 12 | 44% | 15 | 56% | 27 | 100% |
| | Умерен интензитет на чувства | 41 | 21% | 154 | 79% | 195 | 100% |
| | Доминација на позитивни чувства | 11 | 11% | 86 | 89% | 97 | 100% |
| | Вкупно | 64 | 20% | 255 | 80% | 319 | 100% |
| 2019 | Доминација на негативни чувства | 19 | 49% | 20 | 51% | 39 | 100% |
| | Умерен интензитет на чувства | 60 | 33% | 123 | 67% | 183 | 100% |
| | Доминација на позитивни чувства | 37 | 21% | 141 | 79% | 178 | 100% |
| | Вкупно | 116 | 29% | 284 | 71% | 400 | 100% |

Во обработката на податоците од истражувањата од 2011 и 2012 година, за типологијата на емотивните чувства не се земени предвид 25 случаи од двата брана на истражувања кои не одговориле какви чувства имаат кон сите 6 наведени националности.

# 4. Меѓуетничка клима во училиштата (2011- 2019)

## *Перцепција на тензиите и инцидентите[10] и облици на насилства во средните училишта*

## *Перцепција на тензиите и инцидентите од страна на ученичките/учениците*

Перцепциите за меѓуетничките тензии или инциденти во училиштата се измерени на начин што ученичките/учениците го истакнуваат постоењето на истите, издвојувајќи ги посебно тензиите од инцидентите. Податоците од истражувањето од 2019 г. покажуваат дека во скоро исти проценти се присутни меѓуетничките инциденти и тензии во училиштето, и тоа тензиите се присутни во 55% од одговорите, а за само 4 проценти помалку се истакнати инцидентите (51%). Значи, скоро секој втор ученик/ученичка се среќава со одредени тензии или инциденти во училиштето во кое учи.

При вкрстување на резултатите во однос на инцидентите и тензиите во училиштата, нешто повеќе од третина од ученичките/учениците (36%) велат дека вакви тензии и инциденти постојат во училиштето, помалку од третина (30%) дека не постојат ни тензии ни инциденти, а додека постојат само тензии кај 19% и дека постојат само инциденти кај 15% од училиштата (види Табела 8).

**Табела 8**

| 2019 | | Дали сметаш дека има или нема меѓуетнички инциденти во твоето училиште? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Да, има | | Не, нема | | Вкупно | |
| | | Број | Тотал% | Број | Тотал% | Број | Тотал% |
| Дали сметаш дека има или нема меѓуетнички тензии во твоето училиште? | Да | 144 | 36 | 76 | 19 | 220 | 55 |
| | Не | 59 | 15 | 121 | 30 | 180 | 45 |
| | Вкупно | 203 | 51 | 197 | 49 | 400 | 100 |

Во однос на минатите години овие проценти варираат, а генералната слика покажува дека бројот на тензии и инциденти е во пораст во истражувањето од 2019 г. Од друга страна, податоците покажуваат дека постои зголемено позитивно чувство кон припадниците на другите етнички заедници, без разлика на тоа што се зголемуваат и тензиите и инцидентите, што значи дека овие проблеми може да се предизвикани од одредена група на поединци. Па така, во училиштата каде имало тензии, од 48% во 2011 г. процентот се намалува на 36% во 2012 година и повторно се зголемува во 2019 година на 55%. Истиот тренд се забележува и со појавата на инцидентите каде во 2011 46% се изјасниле дека имало меѓуетнички инциденти, па во 2012 овој процент се намалува на 40% за да во 2019 година повторно дојде до уште повисоко зголемување на тензиите на 51% (види Табела 9).

**Табела 9**

| | Дали сметаш дека има или нема меѓуетнички тензии/ инциденти во твоето училиште? | Меѓуетнички тензии | | Меѓуетнички инциденти | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | N | % | N | % |
| 2011 | Да, има | 178 | 48% | 170 | 46% |
| | Не, нема | 185 | 50% | 193 | 52% |
| | Одбива да одговори/без одговор | 7 | 2% | 7 | 2% |
| | Вкупно | 370 | 100% | 370 | 100% |
| 2012 | Да, има | 117 | 36% | 131 | 40% |
| | Не, нема | 202 | 62% | 194 | 60% |
| | Одбива да одговори/без одговор | 6 | 2% | 0 | 0% |
| | Вкупно | 325 | 100 | 325 | 100 |
| 2019 | Да, има | 220 | 55% | 203 | 51% |
| | Не, нема | 180 | 45% | 197 | 49% |
| | Вкупно | 400 | 100% | 400 | 100% |

Бидејќи примерокот од 2019 година вклучува училишта во Скопје и вон Скопје, податоците од ова истражување ги вкрстивме со варијаблата - училишта во и вон Скопје[11)]. Споредбата на податоците од училиштата кои се од Скопје на овој план во сите три истражувања варираат во рамки во кои и тензиите и инцидентите се помалку присутни, а во поголем број се оние кои изјавуваат дека не се присутни (2011г. има тензии/нема тензии – 48%/50%; 2012 – 36%/62%; 2019 – 44%/56%). Слична е структурата и во однос на перцепцијата на присуството/отсуството на меѓуетничките инциденти (2011 г. има инциденти/нема инциденти 46%/52%; 2012 – 40%/60%; 2019 – 44%/56%). Тоа значи дека во овој период од 8 години сепак се задржува структурата на перцепцијата на бројот на ученичките/учениците кои во помал број изјавуваат дека има тензии или инциденти во однос на поголемиот број ученички/ученици кои изјавуваат дека нема тензии или инциденти. За разлика од тоа, во училиштата вон Скопје ученичките/учениците во тие училишта изјавуваат дека во поголем број се присутни и тензиите (62% има, 38% нема) и инцидентите (55% има, 45% нема) (види Табели 10 и 11). Бидејќи немаме споредбени податоци за овие параметри од претходните години, во оваа ситуација можеме само да кажеме дека на ниво на вкупниот примерок, „придонесот" на зголемувањето на бројот перцепциите помеѓу ученичките/учениците од училиштата вон Скопје е значаен во насока на доминацијата на присуството и на тензиите и на инцидентите во однос на нивното отсуство. Тоа значи дека општата клима на планот на меѓуетничките односи е понеповолна во училиштата вон Скопје, во однос на училиштата во Скопје.

**Табела 10**

| 2019 | | Училишта во СК и училишта вон СК | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 Училишта во Скопје | | 2 Училишта вон Скопје | | N | Цол% |
| | | N | Цол% | N | Цол% | | |
| Q8_1. Дали сметаш дека има или нема меѓуетнички тензии во твоето училиште? | 1 Да, има | 68 | 44% | 152 | 62% | 220 | 55% |
| | 2 Не, нема | 86 | 56% | 94 | 38% | 180 | 45% |
| | Тотал | 154 | 100,0% | 246 | 100.0% | 400 | 100,0% |

**Табела 11**

| 2019 | | Училишта во СК и училишта вон СК | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 Училишта во Скопје | | 2 Училишта вон Скопје | | N | Цол% |
| | | N | Цол% | N | Цол% | | |
| Q8_2. Дали сметаш дека има или нема меѓуетнички инциденти во твоето училиште? | 1 Да, има | 67 | 44% | 136 | 55% | 203 | 51% |
| | 2 Не, нема | 87 | 56% | 110 | 45% | 197 | 49% |
| | Тотал | 154 | 100,0% | 246 | 100,0% | 400 | 100,0% |

## *Перцепција на тензии и инциденти од страна на професорите/професорките(2019)*

Во однос на проблемот со меѓуетничките тензии можеме да забележиме нешто повисока појавност на проблемот со меѓуетничките тензии кај професорите/професорките вклучени во Мировното образование (36%) во однос на професорите/професорките кои не се вклучени во Мировното образование (28%). При компарацијата помеѓу учениичките/учениците и професорите/професорките, перцепцијата за меѓуетничките тензии забележително е помала кај професорите/професорките, што донекаде укажува на тоа дека учениичките/учениците недоволно комуницираат со своите професори/професорки, без разлика дали тие се или не се дел од Мировното образование. Таа доверба и врска меѓу учениичките/учениците и професорите/професорките е од големо значење за контрола на ситуацијата во училиштата. Слични се и перцепциите на професорите/професорките во однос на меѓуетничките инциденти кои кај учениичките/учениците се јавуваат во 51%, а професорите/професорките вклучени во Програмата за мировното образование ги перципираат во 23%, а тие што не се вклучени во Програмата ги преципираат во 28% (види Табели 12 и 13).

**Табела 12**

| Одговори на професорите/професорките 2019 | | Дали сметаш дека има или нема меѓуетнички тензии во твоето училиште? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Да, има | | Не, нема | | Вкупно | |
| | | Број | Ред% | Број | Ред% | Број | Ред% |
| Дали вие сте дел од Програмата за мировно образование која се спроведува во училиштата во соработка со Првата детска амбасада во светот - Меѓаши? | Да | 17 | 36 | 30 | 64 | 47 | 100 |
| | Не | 11 | 28 | 28 | 72 | 39 | 100 |
| | Вкупно | 28 | 33 | 58 | 67 | 86 | 100 |

**Табела 13**

| Одговори на професорите/професорките 2019 | | Дали сметаш дека има или нема меѓуетнички инциденти во твоето училиште? | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Да, има | | Не, нема | | Вкупно | |
| | | Број | Ред% | Број | Ред% | Број | Ред% |
| Дали вие сте дел од Програмата за мировно образование која се спроведува во училиштата во соработка со Првата детска амбасада во светот - Меѓаши? | Да | 11 | 23 | 36 | 77 | 47 | 100 |
| | Не | 11 | 28 | 28 | 72 | 39 | 100 |
| | Вкупно | 22 | 26 | 64 | 74 | 86 | 100 |

### - Перцепција за сторителите на насилство како припадници на друга етничка група низ призмата на структурата на училиштето (2019)

Процентот на сторителите на насилство кои припаѓаат на друга етничка група во 2019 година е повисок во училиштата од хетероген тип (52%), во однос на училиштата кои се од хомоген тип (35%). Интересен е податокот дека во многу слични проценти во училиштата од хомоген (21%) или хетероген тип (17%) не се појавува насилство во одговорите на ученичките/учениците, што донекаде укажува на тоа дека насилството не е нужно поврзано со етничката структура на училиштата (види Табела 14). *Важно, тука не може да се прави споредба со минатите години поради разлики во прашалниците (прашалниците имаат влијание врз алгоритамот на валидизација).

**Табела 14**

| Дали сторителите на насилство припаѓаат на друга етничка група? | | Училиште (Училишта М+/Алб, М+ и Алб) | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Училиште М+ (Македонци и други)/ училиште А (само Албанци) | | Училиште (М+ и Албанци) | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| 2019 | Да | 55 | 35% | 125 | 52% | 180 | 45% |
| | Не | 69 | 44% | 75 | 31% | 144 | 36% |
| | Нема насилство во училиштето | 33 | 21% | 40 | 17% | 73 | 18% |
| | Не знам | 1 | 1% | 2 | 1% | 3 | 1% |
| | Тотал | 158 | 100% | 242 | 100% | 400 | 100% |

Во училиштата во Скопје (42%) помалку се детектираат сторители на насилство од други етнички групи во однос на училиштата вон Скопје (47%), иако процентот на сторители од друга етничка група, на ниво на вкупниот примерок не е занемарлив (45%). Процентот во училиштата во Скопје во кои нема насилство е, исто така, незначително понизок (16%) во однос на училиштата вон Скопје во кои нема насилство (20%), што укажува на тоа дека насилството е насекаде скоро подеднакво распространето (види Табела 15).

**Табела 15**

| Дали сторителите на насилство припаѓаат на друга етничка група? | | Училишта вон и во Скопје | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Училишта во Скопје | | Училишта вон Скопје | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| 2019 | Да | 64 | 42% | 116 | 47% | 180 | 45% |
| | Не | 64 | 42% | 80 | 33% | 144 | 36% |
| | Нема насилство во училиштето | 25 | 16% | 48 | 20% | 73 | 18% |
| | Не знам | 1 | 1% | 2 | 1% | 3 | 1% |
| | Тотал | 154 | 100% | 246 | 100% | 400 | 100% |

# 5. Врсничко насилство – булинг и други форми на насилно однесување

Врсничкото насилство (булинг) во истражувањето е дефинирано како облик на агресивно однесување кај децата на училишна возраст што трае подолго време, се повторува и е насочено кон исто/исти лице/лица и подразбира нерамнотежа на моќ. Насилството може да има форма на физички и/или вербален булинг, сајбер-булинг (кој е сè поприсутен на социјалните медиуми како модус на насилство и бидејќи неговото значење станува сè поактуелно, во наредните истражувања се наметнува потреба да се испитува подетално во рамките на повеќе категории со што ќе се добие појасна слика за него), но и поретко препознаен, т.н. социјален булинг или исклучување. Карактеристика на булингот е насилното однесување кое се повторува или има потенцијал да се повтори, а малтретирањето вклучува различни активности како што се: закани, ширење гласини, давање прекари, физички или вербален напад на некого, намерно исклучување на некого/некоја од група итн. Ученичките/учениците во едукативниот дел од анкетирањето беа запознати со оваа дефиниција.

За да формираме поцелосна слика за формите на насилно однесување во средните училишта опфатени со истражувањето на ученичките/учениците, во анкетата им беше поставен сет од 22 прашања кои се однесуваа на разните форми на насилно однесување, односно кои форми на насилно однесување и колку често се присутни во нивното училиште. Обработката на податоците ни овозможи да се рангираат формите на насилните однесувања по два параметра. Прво, според бројот на ученички/ученици кои одредена форма на насилно однесување оцениле дека е присутна во нивното училиште и, второ, колку често таа форма се појавува[12)]. Производот на овие два параметри ги дава рејтинг-поените за секоја форма на насилно однесување. Сумата на пондерираните одговори за секоја форма на насилно однесување овозможува да ги рангираме податоците, т.е. да формираме рејтинг-листа според зачестеноста на појавување и бројот на ученички/ученици кои одредена форма на насилно однесување ја навеле во своите одговори.

Направивме дополнителна статистичка обработка на 22 различни форми на булингот. Податоците покажуваат дека секој/а трет/а анкетиран/а ученик/ученичка (33%) навел/а од една до 7 форми врсничко насилство, над половината навеле од 8 до 14 форми (52%), а од 15 до 22 облици на врсничко насилство навеле 13% и само 2% не навеле ниеден облик на насилство. Според полот, ученичките во поголем број наведувале од 8 до 14 облици на насилство (57%), додека учениците во значително помал број (44%). За разлика од тоа, 38% ученици наведуваат од 1 до 7 облици на насилство, а 31% од ученичките, исто така, 15% од учениците навеле од 15 до 21, а ученичките 11%. Според тоа, општа е тенденцијата ученичките да наведуваат поголем број облици на насилство, во просек 9,41, додека учениците 8,91. Според местото, ученичките/учениците вон Скопје во поголем број наведуваат еден до 7 облици - 35%, а 30% ученичките/учениците од Скопје. Наведеното од 8 до 14 облици е скоро изедначено, 51% во Скопје и 53% вон Скопје. Најголема е разликата на наведени од 15 до 21 облик, во Скопје навеле 19%, а вон Скопје 9%. Тоа значи дека во Скопје булингот се јавува или се препознава во повеќе форми, отколку во другите градови на земјата, каде што веројатно помалку можат да ги препознаваат различните форми на насилство.

Во бројот на наведените форми на насилство помеѓу хомогените и хетерогените училишта практично нема разлики.

## Перцепција на формите на насилно однесување на ученичките/учениците во средните училишта (2019)

**Табела 16**

| Б1 (Q11_12). Според тебе, колку често следниве форми на насилно однесување се присутни во твоето училиште? 2019 | Бр. на ученички/уче-ници кои навеле одредено насилство | % | Рејтинг на база на одгов. на сите испитаници Н=400 | Рејтинг-листа |
|---|---|---|---|---|
| Б1_9 Навредување, исмејување меѓу ученичките/учениците | 352 | 88 | 2,76 | 1 |
| Б1_1 Уништување на училишниот инвентар | 337 | 84 | 1,82 | 2 |
| Б1_15 Тепачки меѓу ученичките/учениците | 328 | 82 | 1,7 | 3 |
| Б1_3 Навредување на ученичките/учениците од страна на професорите/професорките | 267 | 67 | 1,58 | 4 |
| Б1_6 Навредување на професорите/професорките од страна на ученичките/учениците | 218 | 55 | 1,2 | 5 |
| Б1_16 Тепачки меѓу ученици од различна етничка припадност | 240 | 60 | 1,14 | 6 |
| Б1_18 Тепачки со ученички/ученици од други училишта | 224 | 56 | 1,07 | 7 |
| Б1_19 Изолирање | 175 | 44 | 1,02 | 8 |
| Б1_12 Носење нож од страна на ученичките/учениците | 164 | 41 | 0,95 | 9 |
| Б1_4 Застрашување, заканување на ученичките/учениците од страна на професорите/професорките | 166 | 42 | 0,94 | 10 |
| Б1_11 Кражби на лични предмети | 184 | 46 | 0,89 | 11 |
| Б1_21 СМС-пораки со непријатна содржина | 160 | 40 | 0,86 | 12 |
| Б1_8 Застрашување, заканување од други надворешни лица | 157 | 39 | 0,82 | 13 |
| Б1_20 Допирање на тело на незгоден начин | 140 | 35 | 0,77 | 14 |
| Б1_10 Изнудување (рекетирање) на ученички/ученици | 122 | 31 | 0,69 | 15 |
| Б1_2 Физичко казнување на ученички/ученици од страна на професорите/професорките | 90 | 23 | 0,54 | 16 |
| Б1_17 Тепачки меѓу девојчиња и момчиња | 111 | 28 | 0,53 | 17 |
| Б1_13 Носење стап или палка од страна на ученичките/учениците | 93 | 23 | 0,5 | 18 |
| Б1_7 Застрашување, заканување на професорите/професорките од страна на ученичките/учениците | 93 | 23 | 0,48 | 19 |
| Б1_5 Физички напад врз професорите/професорките од страна на ученичките/учениците | 42 | 11 | 0,24 | 20 |
| Б1_14 Носење пиштол од страна на ученичките/учениците | 37 | 9 | 0,2 | 21 |
| Б1_22. Други фирми на насилно однесување | 20 | 5 | 0,12 | 22 |

Резултатите од истражувањето покажуваат дека првите пет форми на насилно однесување (топ 5) се однесуваат на:

- Навредување, исмејување меѓу ученичките/учениците е форма на насилно однесување која со рејтинг од 2,76 поени ја навеле големо мнозинство од 88% од анкетираните 400 ученици, а 12% одговориле дека никогаш таква форма на насилно однесување не е присутна во нивното училиште. Тоа покажува дека кога ќе се земат предвид одговорите на сите 400 анкетирани ученички/ученици, во просек оваа форма на насилно однесување сметаат дека е присутна два до трипати месечно. Овој наод упатува на тоа дека навредувањето и исмејувањето меѓу ученичките/учениците е фактор кој има големо негативно влијание на формирањето на општата клима во училиштата. Дополнително гледано, навредувањето и исмејувањето реално можат да бидат иницијални фактори кои во одредени случаи можат да бидат воведна фаза во некој потежок облик на насилно однесување. Од таа причина, широко распространетата егзистенција на оваа форма на насилно однесување треба да се третира како сигнал во системот на рано предупредување во насока на превенција од појава на потешки форми на насилно однесување. Со други зборови кажано, во функција на времето кај ученичките/учениците кои се предмет на навредување и исмејување во подолг период, доаѓа до кумулирање фрустрации. Кога ќе се надмине критичниот праг на толеранција на фрустрацијата, помалку значаен настан може да претставува тригер кој доведува до празнење на фрустрациите при што може да дојде до форма на некој потежок насилен акт. Или пак треба да се согледа ризикот кај оние ученички/ученици кои навредуваат и исмеваат, ако не се обрнува внимание на оваа форма на насилно однесување во подолг период, во голема мерка може да ги „охрабри" да манифестираат и некоја форма на насилство со потешки последици. Значи, треба да се земе предвид дека и жртвите и иницијаторите на оваа форма на насилство имаат различно структуриран латентен потенцијал да генерираат други форми на насилства со потешки последици. На оваа форма на насилство како многу блиски по психолошкиот ефект треба да се додаде кумулативниот ефект врз латентните ризици за други форми на насилство и „вкрстено" навредување помеѓу ученичките/учениците и професорите/професорките. Ваквата поврзана „мрежа" на фактори, кои стапуваат во одредени меѓусебни интеракции, доведуваат до генерирање на многу други форми на насилно однесување. Меѓусебните навредувања помеѓу ученичките/учениците и професорите/професорките може да води, на пример, до застрашување на професорите/професорките од страна на ученичките/учениците и обратно или да ескалира во физички напад врз професорите/професорките од страна на ученичките/учениците, или физичко казнување на ученичките/учениците од страна на професорите/професорките. Пошироко гледано, различните форми на насилство најчесто имаат генеза во претходни искуства со манифестација на насилно однесување. Од таа причина, не треба формите на насилно однесување да се набљудуваат изолирано една од друга. Во овој контекст анализата нè доведува до основната претпоставка дека секоја форма на насилство специфично е детерминирана со еден сет на фактори како претходни премиси во формирањето на одредена конкретна содржина. Овие засновани претпоставки за генезата на специфична стуктура на врски со другите облици на насилно однесување наметнува потреба од соработка во решавањето на насилствата и учество на стручни и компетентни лица како што се школските психолози, педагози, социолози, односно активно вклучување и соработка на стручните служби. Од особено значење е да се апострофира дека треба да се дефинираат реалистични нормативи на училишните психолози со колку ученички/ученици еден училиштен психолог може да работи, што ќе овозможи поефикасно справување со проблемите.
- Следна форма која се наоѓа на второ место на рејтинг-листата на насилно однесување е уништувањето на училишниот инвентар со рејтинг 1,82, наведено од 84% од анкетираните, што значи дека просечната фреквентност на перцепциите на ученичките/учениците на оваа форма на насилно однесување отприлика изнесува еднаш месечно. Оваа форма на насилно однесување укажува дека ученичките/учениците кои се сторители на вакви форми на однесување се „полни" со фрустрации, кои не можат да ги манифестираат на друг начин и механизмот фрустрација – агресија се проектира на предметниот свет околу нив и го искажуваат на овој начин. Оваа форма на насилно однесување покажува дека во психолошкиот профил

на ученикот/чката „ се кријат“ наталожени содржини во несвесното кои „чекаат“ одреден повод или ситуација за да се манифестираат. Фактички заради непостоењето на механизми за справување со чувството на агресија, уништувањето на имот е начин за „вентилирање“ на агресијата во услови на недостаток и непознавање на други начини за изразување на лутината.

- Високите проценти кои се однесуваат на навредувањето, исмејувањето и уништувањето на училишниот инвентар во училиштата укажуваат и на тоа дека нема доволно развиени капацитети и вештини кај професорите/професорките за справување со овие облици на насилно однесување или некои од нив се толерантни кон овие облици на насилство, односно нивните ставови кон овие облици на насилство се релативни.
- Од таа причина, санкционирањето на разните форми на насилства може да има само краткотраен ефект, па дури и да ја влоши ситуацијата и заради тоа казнувањето треба да биде присутно како последен избор на обид за корекција на однесувањето на сторителите на насилство. Потрајни и подолгорочни ефекти има превентивното делување низ организирање дебати, работилници и комуникација со учeничките/учениците за одредени теми. А, во случаи на потешки форми на насилно однесување неминовен е и индивидуалниот пристап со училишните психолози, педагози и други компетентни авторитети во образовниот систем.
- На трето место на рејтинг-листата со 1,7 рејтинг-поени, наведени од страна на многу големо мнозинство од учeничките/учениците (82%) се наоѓаат тепачките меѓу учeничките/учениците. Податокот во рамките на целиот примерок при што учениците наведуваат дека во просек еднаш месечно се случуваат тепачки, според обемот на случувања, покажува дека општата клима во училиштата е сериозно афектирана. Тоа доведува и до промена на односот кон тепачките меѓу учeничките/учениците, односно со тек на време учeничките/учениците гледаат на тепачките како на нешто што е вообичаено, кое постојано се повторува. Можеби оваа несвесна промена на односот кон тепачките е со потенцијал да го снижи прагот на толеранција на тепачките помеѓу учeничките/учениците[13)]. На тој начин се отвора магичниот круг – поголема фреквентност на тепачки помеѓу учeничките/учениците – снижување на прагот на толеранција на тепачките од страна на околината. Тоа од своја страна поттикнува полесно да се манифестираат агресивни импулси кои резултираат во тепачки. Друга основна шема е тепачките да доведуваат до потреба за „реванш“ на „поразената“ страна. Овде може да се поставaт прашањата: Колку функционираат механзимите за разрешување на тепачките во училиштата? Какви механизми се користат? Дали и колку случаи успешно се разрешуваат и со кои процедури и мерки?
- На следните две места на рејтинг-листата на формите на насилно однесување се: навредување на учeничките/учениците од страна на професорите/професорките, кои го навеле 67% од анкетираните ученички/ученици со просечен рејтинг од 1,58 и на петтото место е навредување на професорите/професорките од страна на учeничките/учениците, кои го навеле 55% од анкетираните ученички/ученици со просечен рејтинг-резултат 1,2. Иако мнозинството од анкетираните се определиле и за двата облика на насилно однесување, сепак поизразено присутна е формата за навредување на учeничките/учениците од страна на професорите/професорките во однос на спротивната форма. Овие податоци се доказ дека постојат широко распространети емпириски показатели кои наведуваат на тоа дека и кај учeничките/учениците и кај професорите/професорките постојат предиспозиции за конфликтни односи помеѓу нив. Треба да се апострофира дека превентивните мерки во Мировно образование многу малку се насочени кон овој вид на конфликти, како и во општеството во целина. Се чини дека општеството сѐ уште не е подготвено за отворање на ова прашање. Но, токму затоа е нужно со професорите/професорките да се работи на развивање поголема свесност за нивната улога како педагози, дека тие постојано треба да ги препознаваат и да ги имаат на ум карактеристиките на возраста со која работат. Во адолесценција на пример, развоен аспект е конфронтацијата со авторитети. Исто така, треба да се работи и на тоа професорите/професорките да ги препознаваат конфликтите и наместо да влезат во конфликт со учeничките/учениците, да изменацираат на

[13)] Експресијата на тепачките произлегува од два основни извори. Прво, од нивото на фрустрациите чија експресија не е канализирана и непознавањето на други социјално прифатливи форми на експресија на фрустрациите. И второ, енергијата на мотивите за агресивно однесување меѓу учесниците во тепачките (да привлечат поголемо внимание кон себе, да се наметнат како „главни лидери“ во групата на своите училишни врсници и сл.).

објективен начин, со што не би се довеле во ситуација да реагираат несвесно, ирационално-инфантилно со што „би биле вовлечени" во кавга со ученичките/учениците. Доколку состојбите на овој план останат непроменети, ваквите показатели се индикација дека и во наредниот период еден дел од преземените превентивни мерки во процесот на Мировното образование ќе бидат изгубени или намалени во вртлогот на конфликтните ситуации помеѓу ученичките/учениците и професорите/професорките

- За Мировното образование е препорачливо да почнат да подготвуваат терен за оваа тема, бидејќи голем дел од булингот спаѓа и учеството на малтретирањето на ученичките/учениците од страна на професорите/професорките

Со понатамошна анализа на рејтинг-листата се издвојува дека формите на насилство кои имаат висок потенцијален капацитет да предизвикаат насилство со тешки последици се:

- Носење нож кој се наоѓа на деветото место на рејтинг-листата, кое го наведуваат 41% од анкетираните и има 0,95 рејтинг-поени, што значи дека има многу ретка појавност.
- Носењето палка или стап е на 17. место на рејтинг-листатата, кое го навеле 23% од анкетираните ученички/ученици со 0,5 рејтинг-поени, што значи дека уште поретко се појавува од претходната наведена форма.
- Носењето оружје се наоѓа на 21. место на рејтинг-листата, кое го навеле 9% од анкетираните со 0,2 рејтинг-поени.

Иако сите три форми се со ретка појавност, сепак носењето нож го наведуваат значаен дел од ученичките/учениците (41%) што создава чувство на небезбедност и страв кај голем дел од ученичките/учениците, во помал број тоа се однесува за носење палка или стап и најмалку присутно е кај носењето пиштол. Заради високиот потенцијал од предизвикување насилство со многу опасни последици, се наметнува потребата од нивно таргетирање за да се откриваат и на тој начин да се подобри вкупната безбедносна атмосфера кај ученичките/учениците.

### *Перцепција на формите на насилно однесување на ученичките/учениците во зависност од етничкиот состав на ученичките/учениците во училиштата во 2019 година*

Со цел да стекнеме увид дали и колкаво влијание има разликата по линија на етничкиот состав во средните училишта, опсервацијата ја направивме во склоп на поделба на:

- хомогени училишта со македонски ученички/ученици и други етнички припадности (чие присуство е во многу мал број) каде вкупно анкетирани се 105 ученички/ученици;
- хомогени училишта со албански ученички/ученици каде се анкетирани 53 ученички/ученици;
- хетерогени училишта каде има ученички/ученици од македонска, албанска и ученици од другите етнички заедници и каде се анкетирани 242 ученички/ученици.

Компаративната анализа помеѓу овие три категории училишта генерално покажува дека за оние форми на насилство каде постојат разлики, во најголем број се умерени, а во голем дел се работи за разлики во нијанси.

Заедничко за сите три категории училишта на прво место на рејтинг-листите се наоѓа навредувањето и исмејувањето помеѓу ученичките/учениците На Графикот 4 се гледа дека оваа форма има највисок просечен рејтинг-резултат во хомогеното албанско училиште (СУГС Гимназија „Зеф Љуш Марку") кој изнесува 3,04 и која е наведена од страна на 89% ученички/ученици, што практично значи дека постои консензус помеѓу ученичките/учениците во ова училиште во однос на присуството на оваа форма на насилство во училиштето. Во хомогените М+ со просечен рејтинг-резултат од 2,89, наведена е од страна на 92% од ученичките/учениците во овие училишта. Исто така, и во хетерогените училишта оваа форма на насилство е на прво место со просечен резултат 2,64, и е наведено дека е присутна од страна на 85% ученички/ученици во овие училишта.

**График 4**




Овие показатели укажуваат дека во сите три категории на училишта на највисоката позиција на рејтинг-листите се наоѓа онаа форма за која проценивме дека во себе содржи висок латентен потенцијал во текот на времето да доведе до манифестирање на други поопасни форми на насилство, според последиците што ги предизвикуваат. Тоа значи дека со голема веројатност во целиот универзум на ученички/ученици во средните училишта „демне“ ризикот од одржување на нивото на манифестација на насилствата и покрај заложбите за намалување на насилствата во училиштата. Од таа причина, на оваа масовно распространета форма на насилства треба да ѝ се посвети посебно внимание во проучување на факторите кои ја детерминираат, заради тоа што има висока токсичност врз вкупната психолошка клима во средните училишта. Всушност оваа форма на насилство е од универзален карактер и е присутна во сите општествени сегменти (исмејување, потценување...). Распространета е помеѓу родителите и помеѓу колегите на работа и разни други облици на социјална комуникација во различни социјални групи. Ако појдеме од оваа претпоставка дека во варијабилен опсег ги „контаминира“ социјалните врски, можеме да претпоставиме дека борбата против насилствата е неминовно тешка и треба да се води систематски и на подолг рок со очекување дека највисокото достигнување кое е можно да се постигне е намалување на ризиците од насилно однесување, а никако и нејзино потполно елиминирање.

Кај хомогените училишта М+ на второ место е пласирано уништувањето на училишниот инвентар со рејтинг-резултат 1,90, на трето се тепачките меѓу ученичките/учениците со рејтинг-резултат

1,54, на четврто се навредување на професорите/професорките од страна на ученичките/учениците со рејтинг-резултат 1,36 и на петто место е навредување на ученичките/учениците од страна на професорите/професорките со рејтинг-резултат 1,16.

Кај хомогените албански училишта[14)] на второ место е навредување на ученичките/учениците од страна на професорите/професорките со рејтинг-резултат 2,25, на трето место се тепачките меѓу ученичките/учениците со рејтинг-резултат 1,66, на четврто место се кражбите на лични предмети со рејтинг-резултат 1,57 и на петто место е уништувањето на училишниот инвентар со рејтинг-резултат 1,36.

Кај хетерогените училишта на второ место е уништување на училишниот инвентар со рејтинг-резултат 1,77, на трето место се тепачките меѓу ученичките/учениците со рејтинг-резултат 1,77, на четврто место е навредувањето на ученичките/учениците од страна на професорите/професорките со рејтинг-резултат 1,61 и тепачките меѓу ученички/ученици од различна етничка припадност е на петтото место со рејтинг-резултат од 1,28.

Овие податоци покажуваат дека на вкупната атмосфера во сите три категории на училишта, според националниот состав заеднички фактор се навредувањето и исмејувањето што кај сите е на прво место и тепачките меѓу ученички/ученици кои се на третото место во сите три категории. Втор заеднички фактор е што навредувањето помеѓу професорите/професорките и ученичките/учениците е меѓусебно и е заеднички фактор на детерминација на климата во училиштата во хомогените М+ и хетерогените училишта. Во хомогеното А училиште претставува присуството на навредување на ученичките/учениците од страна на професорите/професорките кое е со рејтинг-резултат 2,25. Ова укажува на фактот дека доминантно традиционалниот модел на воспитување присутен во семејствата е пресликан и во образовниот систем. Овој податок покажува дека 89% ученички/ученици во ова училиште ја наведуваат оваа форма на насилство, додека од друга страна, 7 од 10 професори/професорки изјавуваат дека професорите/професорките се тие кои ги навредуваат ученичките/учениците. И уште еден фактор кој ја детерминира климата во хомогените А училишта, а воедно и ги издвојува од другите категории училишта се кражбите на лични предмети и оваа форма на насилство е на единаесетто место кај хомогени М+, а кај хетерогените училишта е на 12 место.

Фактот што во сите три категории училишта помеѓу првите пет форми на насилство во варијабилен степен е присутно уништувањето на инвентарот во училиштата, покажува дека кај ученичките/учениците постојат импулси на деструктивност кон предметната околина. Тоа значи дека во сите категории училишта кај значаен дел од ученичките/учениците постои тенденција на уништување, рушење, уривање, агресија, што покажува дека не успеале да се интегрираат на конструктивен начин во училишната средина.

На второ место на рејтинг-листите е уништувањето на училишниот инвентар. Кај хомогените М+ училишта рејтинг-резултатот е 1,90, а во национално хетерогените училишта рејтинг-резултатот е 1,88. Додека кај хомогените А училишта оваа форма е на трето место на рејтинг-листата со резултат 1,36, а на второ место во овие училишта се тепачките помеѓу ученичките/учениците со рејтинг-резултат 1,66. Перцепцијата на оваа форма на насилство опфаќа многу големо мнозинство од ученичките/учениците, од 72% во хомогено А училиште, до 88% во хомогените М+ училишта.

И на третото место, исто така, со релативно висок рејтинг-резултат, висока опфатеност на перцепција на оваа форма на насилство имаат тепачките помеѓу ученичките/учениците. Највисок рејтинг-резултат е регистриран во национално хетерогените училишта со резултат 1,77 наведен од страна на 81% ученички/ученици, потоа следат хомогените А училишта, рејтинг-резултат 1,66 со опфатеност на перцепциите од ученичките/учениците од 85% и во хомогените М+ училишта рејтинг-резултатот е 1,54 и опфат на перцепција меѓу ученичките/учениците од 83%.

### *Перцепција на формите на насилно однесување кај ученичките/учениците во скопските училишта во однос на училиштата вон Скопје во 2019 година*

Анализата на резултатите покажува дека од петте прворангирани форми, првите четири имаат иста ранг-позиција и во скопските и во училиштата вон Скопје. Имено, на прво место и во двете категории училишта се навредување, исмејување на учиниците со рејтинг-резултат 2,92 во скопските и 2,66 во

---

14) Во примерокот од истражувањето од 2019 година репрезент на хомогените албански училишта во примерокот е само „Зеф Љуш Марку“ и затоа во некои делови на анализата кога се пишува за единственото хомогено албанско училиште се пишува во множина (се пишува како „хомогени А училишта“).

училиштата надвор од Скопје. На второ место е уништувањето на училишниот инвентар – 1,88/1,77 во и вон Скопје. На трето место се тепачките меѓу ученичките/учениците – 1,69/1,70 во и вон Скопје и на четврто место е навредувањето на ученичките/учениците од страна на професорите/професорките – 1,68/1,52 соодветно. Додека петторангираната форма на насилство се разликува со тоа што на петто место во училиштата во Скопје со рејтинг-резултат 1,32 е носење нож од страна на ученичките/учениците во однос на тринаесеттото место рангирање кај училиштата вон Скопје со рејтинг-резултат од 0,72. Овој податок укажува на тоа дека во Скопје постои повисок ризик од настанување на инциденти со фатални последици. Во училиштата надвор од Скопје на петто место е навредување на професорите/професорките од страна на ученичките/учениците со рејтинг-резултат 1,14, што претставува специфика за училиштата вон Скопје каде има меѓусебно навредување меѓу ученичките/учениците и професорите/професорките. Овие податоци одат во прилог на традиционалните модели на воспитување, позастапени во руралните средини. Колку повеќе ученичките/учениците се навредувани од професорите/професорките, толку повеќе тие го учат моделот и потоа и самите навредуваат. Треба да укажеме на фактот дека ученичките/учениците од поконзервативните традиционални семејства почесто и во семејството го живеат истиот модел, отколку во семејствата каде доминира полиберален модел на воспитување. Од овој пример може сосема јасно да се согледа колку е важно вклучувањето на родителите во Програмата за мировното образование.

**График 5**



### *Останати форми на насилство со помало влијание во однос на категориите на анализа (хетерогени/хомогени училишта и училишта вон и во Скопје) (2019)*

Формите на насилство кои најмногу се истакнуваат во училиштата во Скопје во однос на сите други категории се следните:

- тепачки со ученички/ученици од други училишта, со рејтинг-резултат 1,13;
- застрашување и заканување ученички/ученици, со рејтинг-резултат 1,08;
- застрашување, заканување од надворешни лица, со рејтинг-резултат 1,08;
- носење стап или палка од страна на ученичките/учениците, со рејтинг-резултат 0,64;
- носење пиштол од страна на ученичките/учениците, со рејтинг-резултат 0,33.

Понатаму, форми на насилство кои се со помало влијание, но се најмногу истакнати во училиштата со хетероген состав се:

- изолирање, со рејтинг-резултат 1,06;
- тепачки меѓу девојчиња и момчиња, со рејтинг-резултат 0,64;
- физички напад врз професори/професорки од страна на ученичките/учениците, со рејтинг-резултат 0,31.

Изолирањето како специфика во хетерогените училишта може да има помали последици. Имено, доколку изолирањето се случува помеѓу ученички/ученици од различна етничка припадност, може да има значење „не ме ни навредуваат ни тепаат, туку ме казнуваат со изолација, бидејќи сум од друга етничка заедница". Фактички, во такви околности сепак се избегнуваат потешки форми на насилство.

Третата категорија во која се истакнуваат формите на насилство со помало влијание е најизразена кај хомогените училишта со ученички/ученици од албанска етничка припадност:

- СМС-пораки со непријатна содржина, со рејтинг-резултат 1,26;
- допирање на тело на незгоден начин, со рејтинг-резултат 0,91;
- изнудување, рекетирање на ученички/ученици, со рејтинг-резултат 0,91;
- физичко казнување на ученичките/учениците од страна на професорите/професорките, со рејтинг-резултат 0,68;
- застрашување, заканување врз професори/професорки од страна на ученичките/учениците, со рејтинг-резултат 0,53.

### ***Компарација на перцепциите на формите на насилство помеѓу ученичките/учениците и професорите/професорките (2019)***

Споредбата на перцепциите на формите на насилство во училиштата од истражувањето спроведено во 2019 година покажува висок степен на совпаѓање помеѓу професорите/професорките и ученичките/учениците. И кај едните и кај другите на прво место се навредувањето и исмејувањето меѓу ученичките/учениците што е наведено од 94% од професорите/професорките со рејтинг-резултат 1,59[15] и 88% од ученичките/учениците со рејтинг-резултат од 2,76. Ако се земе во предвид дека степените на разликите меѓу скалите се разликуваат, може да се заклучи дека кај ученичките/учениците во одреден степен перцепцијата е со поголем интензитет. Втор увид во оваа компарација помеѓу перцепциите на професорите/професорките и ученичките/учениците е фактот дека просечниот процент на одговорите за сите форми на насилство е значително повисок кај професорите/професорките и изнесува 74%, во однос на 57% во просек наведени форми од страна на ученичките/учениците. Оваа разлика веројатно произлегува од фактот што учениците во помал број препознаваат одредени форми на насилство. Така, во однос на изолирањето како форма на насилство ќе видиме дека 81% од професорите/професорките го навеле како форма на насилство, за разлика од 44% од ученичките/учениците. Слично на тоа, помало препознавање како насилство имаме кај СМС-пораките со непријатни содржини. Податоците покажуваат дека 81% од професорите/професорките го наведуваат како присут-

но насилство во училиштето, за разлика од само 40% од ученичките/учениците кои го навеле како насилство.

**Табела 17**

| **Компарација на перцепциите на насилствата помеѓу ученичките/учениците и професорите/професорките** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Форми на насилства 2019 | Ученичките/ учениците | | Професорите/ професорките | |
| | Рејтинг | % на испитаници кои навеле одредено насилство | Рејтинг | % на испитаници кои навеле одредено насилство |
| В1_9 Навредување, исмејување меѓу ученичките/ учениците (Р1_2) | 2,76 | 88 | 1,59 | 94 |
| В1_15 Тепачки помеѓу ученичките/учениците – физичко насилство (Р1_1) | 1,70 | 82 | 1,03 | 86 |
| В1_19 Изолирање (Р1_4) | 1,02 | 44 | 1,08 | 81 |
| В1_21 СМС-пораки со непријатни содржини (Р1_6) | 0,86 | 40 | 1,04 | 73 |
| В1_10,11 Просечен резултат на изнудување кражби (Р1_5) | 0,79 | 77 | 0,65 | 61 |
| В1_20 Допирање на тело на незгоден начин (Р1_3) | 0,77 | 35 | 0,52 | 48 |
| Просечен% одговори од сите прашања | | 57 | | 74 |

## *Компарација на перцепциите на насилствата од ученичките/учениците врз професорите/професорките (2019)*

Во овој случај на располагање за компарација ни стојат само три форми на насилство на ученичките/учениците врз професорите/професорките што се практично со иста интенција, но со различна формулација прикажани во прашалниците. Перцепцијата на професорите/професорките во врска со насилствата од страна на ученичките/учениците врз нив покажува дека просечно само 29% од професорите/професорките одговараат дека се вршат насилства врз нив. Најмогу одговори кои професорите/професорките ги перципираат како насилство од ученичките/учениците врз нив претставува озборувањето во 92% случаи со рејтинг-резултат од 0,92. Потоа следува наврдувањето кое го навеле 36% професори/професорки со рејтинг-резултат 0,36. За разлика од тоа, овој вид насилство го наведуваат 55% од ученичките/учениците со рејтинг-резултат 1,2. А, најнизок процент на професори/професорки - 2% изјавиле дека ги удрил/а или турнал/а некој ученик/ученичка. А, за тоа од друга страна, пак 11% од ученички/ученици одговориле со рејтинг-резултат 0,24 дека е присутно удрање или туркање на професор/професорка од училиштето од страна на ученичките/учениците.

**Табела 18**

| Компарација на перцепциите на насилствата помеѓу ученичките/учениците и професорите/професорките | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Застапени насилства од ученичките/учениците врз професорите/професорките 2019 | Ученички/ученици | | Професори/професорки | |
| | Рејтинг | % на испитаници/испитани-чки кои навеле одредено насилство | Рејтинг | % на испитаници/испитанички кои навеле одредено насилство |
| P2_1. Некој ве навредувал (B1_6) | 1,2 | 55 | 0,36 | 36 |
| P2_2 Некој ви говорел погрдни зборови | | | 0,28 | 28 |
| P2_3 Некој ви се заканувал (B1_7) | 0,24 | 23 | 0,18 | 18 |
| P2_4 Некој ве удрил или турнал (B1_5) | 0,24 | 11 | 0,02 | 2 |
| P2_5 Некој намерно ви уништил работи | | | 0,12 | 12 |
| P2_6 Ве исклучувале (изолирање) | | | 0,15 | 15 |
| P2_7 Некој ве озборувал | | | 0,92 | 92 |
| Просечен% на одговори од сите прашања | | 30 | | 29 |

### *Компарација на перцепциите на насилствата од страна на професорите/професорките врз ученичките/учениците (2019)*

Просечно гледано во сличен процент професорите/професорките (41%) и ученичките/учениците (44%) одговораат за присуството на одредени форми на насилство. Исто така, и формите на насилство за кои можеме да ги компарираме одговорите се во многу сличен процент. Единствено што за трите форми на насилство од страна на професорите/професорките врз ученичките/учениците, интензитетот е појак од страна на ученичките/учениците во рејтинг-резултатите. Од сите одговори на ова прашање, најприсутни одговори и од страна на ученичките/учениците и од страна на професорите/професорките се дека професорите/професорките им говорат погрдни зборови на учениците (кај 67% од ученичките/учениците и професорите/професорките и со рејтинг-резултати 1,58 кај ученичките/учениците и 0,83 кај професорите/професорките). За останатите 4 форми на насилство, за кои немаме компаративни податоци, озборувањето на ученичките/учениците од страна на професорите/професорките е најистакнато со 62% од професорите/професорките со рејтинг-резултат 0,78, а обемот на перцепција на професорите/професорките е дека најмалку им се уништуваат работи на ученичките/учениците (рејтинг-резултат 0,19).

Анализата на перцепциите на професорите/професорките кои се членови на Мировното образование покажува дека на прво место е наведено озборувањето на ученичките/учениците од страна на професорите/професорките со рејтинг-резултат 0,91, на второ место е перцепцијата дека професорите/професорките им говорат погрдни зборови на ученичките/учениците со рејтинг-резултат 0,89 и изолирањето на ученичките/учениците од страна на професорите/професорките со рејтинг-резултат 0,80. Од друга страна, кај професорите/професорките кои не се дел од Мировното образование со највисок рејтинг-резултат од 0, 67 е одговорот на перцепцијата дека професорите/професорките им говорат погрдни зборови на ученичките/учениците и озборувањето на ученичките/учениците со рејтинг-резултат 0,63. Иако се работи за нијанси, сепак основната тенденција е професорите/професорките кои се дел од Програмата за мировно образование да го оценуваат насилството на професорите/професорките врз ученичките/учениците со повисок рејтинг-резултат, отколку оние професори/професорки кои не се дел од Мировното образование. Накратко кажано, професорите/професорките кои се дел од Мировното образование имаат покритичен став.

Професорите/професорките од Скопје на прво место го наведуваат изолирањето 0,83 (р.р.), потоа обраќањето со погрдни зборови кон ученичките/учениците и озборувањето на ученичките/учениците со рејтинг-резултат 0,80. Професорите/професорките вон Скопје со највисок рејтинг-резултат од 0, 82 го перципираат обраќањето со погрдни зборови кон ученичките/учениците, по него следува

озборувањето на ученичките/учениците со рејтинг-резултат 0,77 и на трето место е изолирањето со рејтинг-резултат 0,69. Практично, податоците што ги наведовме наведуваат на тоа дека разликите се многу мали и изнијансирани.

**Табела 19**

| Компарација на перцепциите на насилствата помеѓу ученичките/учениците и професорите/професорките | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Ученички/ученици | | Професори/професорки | |
| Застапени насилства од страна на професорите/професорките врз ученичките/учениците 2019 | Рејтинг | % на испитаници/испитани-чки кои навеле одредено насилство | Рејтинг | % на испитаници/испитанички кои навеле одредено насилство |
| Р3_1 Професор/професорка им говорел/а погрдни зборови (В1_3) | 1,58 | 67 | 0,83 | 67 |
| Р3_2 Професор/професорка им се заканувал/а (В1_4) | 0,94 | 42 | 0,62 | 48 |
| Р3_3 Професор/професорка ги удрил/а или турнал/а (В1_2) | 0,54 | 23 | 0,21 | 20 |
| Р3_4 Професор/професорка намерно им уништувал/а работи | | | 0,19 | 16 |
| Р3_5 Професор/професорка ги исклучувал/а (изолирање) | | | 0,73 | 54 |
| Р3_6 Професор/профеорка ги озборува | | | 0,78 | 62 |
| Р3_7 Професор/профеорка допирал/а тело на ученик/чка на недозволен начин | | | 0,21 | 18 |
| Просечен% на одговори на сите прашања | | 44 | | 41 |

# 6. Перцепција на тепачките од страна на ученичките/учениците (2019)

Во Табелата 20 се прикажани четирите облици на тепачки кои се предмет на истражувањето спроведено во 2019 година во училиштата. Перцепцијата на ученичките/учениците за тепачките меѓу ученичките/учениците во најголем број се однесува за тепачките меѓу ученичките/учениците генерално за кои 82% од ученичките/учениците со рејтинг-резултат од 1,7 се изјасниле дека се присутни во нивните училишта. На второ место се тепачките меѓу учениците од различна етничка припадност во 60% од случаите, со рејтинг-резултат 1,14, а по нив следуваат тепачките со ученички/ученици од други училишта - 56%, со рејтинг-резултат 1,07. Најмалку се наведуваат тепачките меѓу девојчиња и момчиња каде процентот е 28%, со рејтинг-резултат 0,53.

Просекот од сите 4 форми на тепачки во хетерогените училишта на рејтинг-резултатот изнесува 1,20. Во хомогените М+ училишта резултатот е 0,98 и кај хомогените А училишта е 0,94. Како компарација меѓу училиштата во Скопје и вон Скопје, може да се каже дека за извесна нијанса се поприсутни тепачките вон Скопје со рејтинг-резултат 1,14, а во Скопје се со резултат од 1,06.

**Табела 20**

| Перцепција на тепачките од страна на ученичките/учениците 2019 | % на ученички/ученици кои навеле одредено насилство | Рејтинг |
|---|---|---|
| В1_15 Тепачки меѓу ученичките/учениците | 82% | 1,7 |
| В1_16 Тепачки меѓу ученичките/учениците од различна етничка припадност | 60% | 1,14 |
| В1_17 Тепачки меѓу девојчиња и момчиња | 28% | 0,53 |
| В1_18 Тепачки со ученички/ученици од други училишта | 56% | 1,07 |
| Наведени просечно тепачки од ученичките/учениците кои навеле одредено насилство | 56% | 1,11 |

### *Перцепција на ученичките/учениците за местото на тепачките меѓу ученичките/учениците (2019)*

Ова прашање е со можност за повеќе одговори и резултатите го покажуваат следното: најголем број тепачки се случуваат во училишниот двор (60%), потоа следуваат тепачките во ходниците (32%) и на други места (паркови, спортски сали, дискотеки, барови, трговски центри - 27%). Од анализата на резултатите на перцепциите на ученичките/учениците во врска со тоа каде се случуваат тепачките, може да се заклучи дека тие се случуваат во училиштето, но кога нема надзор.

Кога ги опсервираме училиштата, без оглед дали се хомогени или хетерогени, или пак се во Скопје, односно вон Скопје, останува константно на прво место дека најголем број од тепачките се одвиваат во училишните дворови. На второ место се ходниците, каде според изјавите на анкетираните, тепачките се случуваат во 30%. И близу тоа, 27% од тепачките се случуваат на други места вон училиштето. Исто така, значителен дел од тепачките кои се случуваат вон училиштата се на автобуските станици (21%) и секоја 10-та тепачка се случува во автобусите.

**Табела 21**

| Перцепција на ученичките/учениците | | Одговори на сите 400 анкетирани ученички/ученици | | | Одговори на жртвите на насилство | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | В2 На кои места се случуваат тепачки меѓу ученичките/учениците? | Случаи | % во колона | Случаи | % во колона |
| 2019 | | 1. Во училниците | 99 | 25 | 42 | 30 |
| | | 2. Во училишните ходници | 127 | 32 | 56 | 40 |
| | | 3. Во тоалетите | 50 | 13 | 21 | 15 |
| | | 4. Во училишниот двор | 240 | 60 | 93 | 66 |
| | | 5. На автобуската станица | 85 | 21 | 33 | 23 |
| | | 6. Во автобус | 40 | 10 | 14 | 10 |
| | | 7. На друго место | 108 | 27 | 33 | 23 |
| | | 8. Нема тепачки во во училиштето | 20 | 5 | 2 | 1 |
| | | Тотал | 400 | 192 | 141 | 208 |

За што попрецизно мапирање на местата каде најчесто се случуваат тепачките, ги зедовме предвид одговорите на ученичките/учениците кои изјавиле дека биле жртви на насилство. Одговорите на жртвите на насилство потврдуваат дека тепачките најчесто се случуваат во училишните дворови (66%), втора жаришна точка се училишните ходници (40%), потоа следуваат училниците (30%) и скоро секоја четврта тепачка е на автобуските станици и други места, по 23% за обете (види Табела 21).

## *Перцепција на ученичките/учениците за времето кога се случуваат тепачките меѓу ученичките/учениците (2019)*

Варијациите во перцепциите помеѓу ученичките/учениците и професорите/професорките за времето кога се случуваат тепачките помеѓу ученичките/учениците покажуваат многу голема сличност и во однос на структурата и во однос на фреквентноста на одговорите. Исклучок претставуваат одговорите на ученичките/учениците дека над половината од тепачките (52%) се случуваат кога се враќаат од училиште и е на прво место според фреквентноста на одговорите. Кај професорите/професорките на прво место е одговорот дека тепачките се случуваат за време на одморите (48%). Иако оваа разлика е незначајна, пред сè се должи на различните можности за перцепција помеѓу професорите/професорките и ученичките/учениците. Имено, професорите/професорките не се во можност да согледаат конкретно што се случува со ученичките/учениците кога се враќаат од училиште или можат да добијат претстава за тоа кога ќе бидат информирани од некого.

**Табела 22**

| Кога се случуваат тепачките меѓу ученичките/учениците? 2019 | Перцепција меѓу ученичките/учениците | | Перцепција меѓу професорите/професорките | |
|---|---|---|---|---|
| | Случаи | % во колона | Случаи | % во колона |
| 1. Кога се губат часови | 58 | 15 | 12 | 14 |
| 2. За време на одморите | 167 | 42 | 40 | 48 |
| 3. Меѓу смените | 116 | 29 | 30 | 36. |
| 4. Кога се доаѓа (доаѓаат) на училиште | 70 | 18 | 15 | 18 |
| 5. Кога се враќаме (враќаат) од училиште | 205 | 52 | 31 | 37 |
| 6. За време на часовите | 28 | 7 | 3 | 4 |
| 7. Друго | 22 | 6 | 5 | 6 |
| Тотал | 398 | 167 | 83 | 163 |

Инаку, во однос на сите други можности, разликите во перцепциите помеѓу професорите/професорките се потполно изедначени или помеѓу нив има минимална симболичка разлика. Оваа висока идентичност на перцепциите покажува дека професорите/професорките сосема прецизно ги познаваат веројатностите на ризичните моменти кога се случуваат тепачките помеѓу ученичките/учениците. Продлабочената анализа покажува дека со овој проблем подобро се запознаени професорите/професорките кои се дел од Програмата за мировно образование, која се спроведува во соработка со Првата детска амбасада во светот – Меѓаши, во однос на професорите/професорките кои не се дел од оваа програма. Професорите/професорките кои се дел од Мировното образование оцениле дека 49% од тепачките се случуваат кога ученичките/учениците се враќаат од училиште (52% од ученичките/учениците одговориле така), а исто одговориле 22% од професорите/професорките кои не се дел од Програмата. Слично на тоа, за тепачките за време на одморите одговориле 38% професорите/професорките кои се дел од Програмата, а 62% така одговориле професорите/професорките кои не се дел од Програмата. Овие сличности во одговорите во истражувањето од 2019 година помеѓу професорите/професорките кои се дел од Мировното образование и одговорите на ученичките/учениците претставува своевидна потврда дека професорите/професорките кои учествуваат во Мировното образование, во овој конкретен случај, се подобро запознаени со проблемите на ученичките/учениците. Работата во рамките на Програмата за мировно образование со вакви и слични наоди укажува на тоа дека соработката помеѓу професорите/професорките и ученичките/учениците ги подобрува шансите за поефикасна борба во настојувањата за намалување на насилното однесување на ученичките/учениците во нивните училишта.

# 7. Причини за насилно однесување и односот кон насилно однесување (2019)

За да се утврдат главните причини за насилното однесување во училиштата, се постави прашање за кое може да се одберат повеќе причини како одговор. Главните причини за насилното однесување кај ученичките/учениците претставени како топ-листа на одговори дадени од истите, на прво место ги истакнуваат провокациите во вид на погрдни пораки (62%), па следат омразата или одмаздата (54%), па одбраната на другарот или другарката (46%) итн. Во просек, на ова прашање ученичките/учениците давале по четири различни одговори, што претставува вариетет од причини, односно причинителите за насилното однесување на ученичките/учениците не се еднолични.

График 6




Од аспект на училиштата кои се во и вон Скопје, причините за насилното однесување се со мали разлики, односно топ пет причини за насилство во Скопје се: провокациите (61%), омразата или одмаздата (60%), одбраната на другар/ка (46%), љубомората (43%) и лошото друштво (43%). Причините за насилство во градовите надвор од Скопје се: провокација (63%), омраза или одмазда (51%), љубомора (46%), одбрана на другар/ка (45%), самоодбрана (41%).

График 7



Без оглед дали станува збор за хомогено или хетерогено училиште, факторите на влијание се слични, што значи дека од целиот примерок, а веројатно и во популацијата на ученички/ученици овие фактори се доминантни. На врвот на листата на причини како најчести фактори за насилно однесување помеѓу ученичките/учениците се емоционалните компоненти кои претставуваат внатрешни мотиви или одговор на ситуацијата на загрозеност, а тие се провокацијата со погрдни зборови и омразата или одмаздата. Во корен на овие три категории е злоупотребата на моќ и претставува заеднички именител на овие три форми на насилно однесување, факт кој треба да се земе предвид во решавањето на овие форми на насилство помеѓу ученичките/учениците. За покомплексна структура на овие проблеми придонесува и фактот што опсервацијата на овие форми на насилно однесување покажува дека има провокациски елементи од едната страна, што доведува до насилен одговор од другата страна во конфликтите помеѓу ученичките/учениците. Сите три аспекти треба да бидат опфатени во Програмата за мировно образование, односно ученичките/учениците да научат како да избегнуваат да не го злоупотребуваат чувството на моќ, како да избегнат да провоцираат, односно да не реагираат со насилство на провокациите.

Професорите/професорките во училиштата, пак се со нешто поинакви ставови во врска со главните причини за насилствата, освен во однос на провокациите (59%). Тие сметаат дека главни причини за насилство се: влијанието на друштвото (38%), одбраната на другар/ка (37%), личноста на ученикот/чката (34%), па љубомората (34%), а пак некаде меѓу последните причини ги имаат истакнато омразата и одмаздата (25%). Врз основа на истражувањето, резултатите кои се базираат врз основа на разликите на перцепциите на професорите/професорките и ученичките/учениците создаваат простор да се концентрира вниманието на овие разлики, а причините да се откријат низ дебати. Резултатите придонесуваат да се утврдат различните перцепции на конфигурација на факторите на насилното однесување која овозможува низ дискусии во работни групи да се истакнат причините и да се соочат во секоја средина на конкретен начин. Тоа ќе доведе до тоа да се зближат гледиштата на професорите/професорките и ученичките/учениците што ќе придонесе до подобро меѓусебно разбирање. Но, секогаш во анализата на вакви феномени, како што е булингот, треба да се води сметка и за одбранбените механизми на несвесно психолошките димензии на проблемот на насилствата. Конкретно, во некои случаи се укажува на тоа дека одреден број професори/професорки недоволно ги разбираат вистинските причини за овие форми на насилство и затоа наоѓаат сопствени рационализации и интелектуализации за да најдат свое значење и објаснување за формите на насилство со кои се соочуваат во училиштата. Затоа и во оваа прилика треба да се подвлече дека придонесот на школските психолози во реализацијата на Програмата за мировно образование е незаменлив.

**График 8**



## Реакции на ученичките/учениците при соочување со насилство врз други ученички/ученици (2019)

Ученичките/учениците во највисок процент (42%) при воочување на насилство ја одбрануваат жртвата, без разлика дали се од училишта со хомогена или хетерогена структура. Овој наод може да има позитивна конотација заради тоа што ученичките/учениците се солидаризираат со жртвата на насилство и настојуваат да ѝ помогнат. Доколку исходот на ова „вклучување на третата страна“ доведе до смирување на ситуацијата, придонесува за воспоставување на позитивна атмосфера во средината во која се случил настанот. Следната реакција е да пријават инцидент кај дежурен професор/ка (36%), а пак индолентно се однесуваат кон ваквите ситуации дури (21%) од ученичките/учениците. Шест од сите анкетирани ученички/ученици велат дека ги бодрат насилниците, додека еден ученик истакнал дека им се приклучува на истите. Фактот што во просек секој петти ученик/ученичка се однесува индолентно во такви ситуации, сигнализира дека во значаен број ученичките/учениците пасивно се однесуваат во такви ситуации, при што се создава простор за непречена манифестација на насилно однесување. Иако бројот на ученичките/учениците кои ги бодрат насилниците е мал, сам по себе е индикативен затоа што таквото однесување создава атмосфера на поттикнување на насилство помеѓу ученичките/учениците.

Податоците ја разбиваат заблудата на стереотипот дека ученичките помалку манифестираат агресивно однесување. Имено, резултатите покажуваат дека искажувањето на агресијата кај половите се изедначува. Иако се ниски процентите на тие кои потенцијално им наштетуваат на жртвите, се забележува една клима на фрустрираност и агресија кај тие ученички/ученици.

Всушност, скоро секој втор/а ученик/ученичка е спремен/спремна да ја одбрани жртвата. Кај хомогените и хетерогените училишта се јавуваат разлики во однос на реакциите кога станува збор за пријавување на настанатото насилство кај дежурниот наставник, односно во хомогените социодемографски училишта во понизок процент се пријавуваат насилствата кај дежурните професори/професорки (28%), а во близок процент не се презема ништо, односно ученикот/ученичката покажува незаинтересираност да реагира како одоговор дека тоа не се однесува на него/неа (26%). Од друга страна, пак за разлика од хомогените, во училиштата од хетероген тип во повисок процент ученичките/учениците го пријавуваат проблемот кај дежурниот/дежурната професор/ка (40%), додека во понизок процент не преземаат ништо (17%) под претпоставка дека ученичките/учениците во хетерогените училишта се соочуваат со почести насилства и веќе покажуваат спремност за реакција.

**Табела 23**

| Кога гледам или увидувам дека други ученици се насилни кон некој соученик, јас: | | Училиште (Училишта М+ / Алб, М+ и Алб) | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Училиште М+ (Македонци и други) / училишта А (само Албанци) | | Училиште М+ (Македонци и други) | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| 2019 | Ја одбранувам жртвата | 70 | 44 | 99 | 41 | 169 | 42 |
| | Пријавувам кај дежурниот наставник | 45 | 28 | 97 | 40 | 142 | 36 |
| | Ништо не правам, само набљудувам, тоа не се однесува на мене | 41 | 26 | 41 | 17 | 82 | 21 |
| | Ги бодрам насилниците | 1 | 1 | 5 | 2 | 6 | 2 |
| | Се приклучувам кон насилниците | 1 | 1 | | | 1 | 0 |
| | Тотал | 158 | 100% | 242 | 100% | 400 | 100% |

Реакциите на ученичките/учениците во училиштата во и вон Скопје се разликуваат. Во училиштата во Скопје во помал број се ученичките/учениците кои изјавуваат дека во таква ситуација го одбрануваат ученикот/ученичката кој/а е нападнат/а (39%), во однос на поголемиот број од ученичките/учениците во училиштата вон Скопје кои ја бранат жртвата (44%), за сметка на поголемиот број ученички/ученици во Скопје кои не преземаат ништо во такви ситуации, додека индолентната реакција на ученички-

те/учениците вон Скопје е помалку изразена (18%). Додека пријавувањето кај дежурниот наставник е скоро идентично присутно и во Скопје и вон Скопје (36%/35%). Оваа серија податоци укажува дека во училиштата уште има простор да се работи на процедури, бидејќи само една третина од ученичките/учениците пријавуваат кај дежурниот професор/професорка. Овие податоци укажуваат на најмалку две работи:

- или ученичките/учениците не веруваат дека професорите/професорките можат нешто да направат;
- или е резултат на нивното искуство дека професорите/професорките нешто прават.

**Табела 24**

| Кога гледам или увидувам дека други ученички/ученици се насилни кон некој соученик, јас: | | Училишта во СК и училишта вон СК | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 Училишта во Скопје | | 2 Училишта вон Скопје | | Број | Col% |
| | | Број | Col% | Број | Col% | | |
| 2019 | 1. Ја одбранувам жртвата | 60 | 39 | 109 | 44 | 169 | 42 |
| | 2. Пријавувам кај дежурниот наставник | 55 | 36 | 87 | 35 | 142 | 36 |
| | 3. Ништо не правам, само набљудувам, тоа не се однесува на мене | 37 | 24 | 45 | 18 | 82 | 20 |
| | 4. Ги бодрам насилниците | 1 | 1 | 5 | 2 | 6 | 2 |
| | 5. Се приклучувам кон насилниците | 1 | 1 | | | 1 | 0 |
| Тотал | | 154 | 100% | 246 | 100% | 400 | 100% |

## *Реакции на професорите/професорките при соочување со насилство врз други ученички/ученици (2019)*

Професорите/професорките во однос на прашањето „Кога ќе дознаете за случај на насилство врз ученик, што преземате?“, во највисок процент одговараат дека ќе преземат одредени мерки во соработка со училиштето (95%). Ваквиот консензуален одговор на професорите/професорките веројатно во одреден број случаи претставува давање социјално пожелни одговори. Од методолошки аспект претставува проблем што не постои можност преку анкетирање да се утврди во колкава пропорција се ваквите социјално пожелни одговори во однос на пропорцијата со “реалните” одговори. За да се навлезе подлабоко во овој феномен, би требало да се врши проучување со примена на некои од квалитативните методи како што се продлабочени (In depth) интервјуа или да се организираат групни дискусии (фокус-групи).

Меѓутоа, се јавува еден низок процент на професори/професорки од 5% кој не е занемарлив и кој укажува на тоа дека професорите/професорките имаат отпор кон помагање на ученичките/учениците кои се во евентуална неволја. Поточно, станува збор за 4 од професорите/професорките од кои еден/една нема да преземе ништо (и е дел од Мировното образование), еден нема да им верува на ученичките/учениците, еден од нив ќе се обрати во социјалните мрежи и медиумите, а еден ќе реагира откако ќе се случи пријавувањете од страна на група ученички/ученици. Со исклучок на поединци, професорите/професорките воглавно изјавуваат дека преземаат соодветни мерки за да се разрешат настанатите насилства. Потребно е воведување на Мировното образование во училиштата и обучување на сите професори/професорки во однос на принципите и мерките кои мора да се преземат при различни инциденти во училиштата и на тој начин професорите/професорките ќе имаат удел во превенцијата и сузбивањето на потенцијалните насилства, како и во решавањето на тековните случувања во училиштата.

**График 9**




## *Страв од насилство (2019)*

Три од четири ученички/ученици (75%) немаат страв дека ќе доживеат насилство врз нив од страна на други ученички/ученици од училиштето, 21% велат дека ретко се чувствуваат уплашено, додека често се 3%, а секогаш се 4 ученички/ученици или 1% од сите анкетирани. Чувството на безбедност ќе им овозможи на ученичките/учениците помалку страв и стрес, како и подобра комуникација со другите ученички/ученици, а особено големата доверба кон професорите/професорките ќе овозможи нивен подобар ментален и физички развој. Доколку ученичките/учениците живеат во страв дека ќе бидат нападнати било на психолошки или физички начин, тие потенцијално може да станат насилници. Овој проблем со насилството е двосмерен, бидејќи неретко жртвите стануваат насилници и затоа е неопходно да се зборува отворено за овие проблеми.

Од аспект на тоа дали има меѓуетнички инциденти во училиштето, се забележува една рационална слика при што во оние училишта чии ученици никогаш не се плашат дека ќе бидат нападнати од ученички/ученици од други етнички групи, процентот на инциденти е понизок (72% има инциденти, 78% нема инциденти).

**Табела 25**

| Се плашам дека учениците од моето училиште ќе бидат насилни кон мене | | Дали сметаш дека има или нема меѓуетнички инциденти во твоето училиште? | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Да, има | | Не, нема | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| 2019 | Никогаш | 146 | 72 | 153 | 78 | 299 | 75 |
| | Ретко | 47 | 23 | 38 | 19 | 85 | 21 |
| | Често | 7 | 3 | 5 | 3 | 12 | 3 |
| | Секогаш | 3 | 1 | 1 | 1 | 4 | 1 |
| | Тотал | 203 | 100% | 197 | 100% | 400 | 100% |

Продлабочената анализа во однос на тоа дали имало тепачки во училиштето, покажа дека околу 55% од ученичките/учениците кои никогаш не се плашат дека ученичките/учениците од училиштето ќе бидат насилни кон нив, одговориле со „многу ретко“ или „никогаш“. Од аспект на хомогеноста или хетерогеноста на училиштата, како и положбата на училиштето кое може да биде во или вон Скопје, не се забележани разлики во одговорите кај ученичките/учениците кои чувствуваат, односно не чувствуваат страв дека можат да бидат жртви на насилство. Ова укажува на фактот дека стравот од на-

силство е подеднакво распространет во училиштата без разлика на националниот состав или местоположбата на училиштата.

### *Реакции кај ученичките/учениците при доживување насилство (2019)*

Иако незначителна, забележлива е разликата помеѓу ученичките/учениците кои доаѓаат од хомогени или хетерогени училишта во однос на тоа дали возвраќаат на ист начин кога ќе доживеат насилство. Имено, ученичките/учениците од хомогените училишта во нешто повисок степен реагираат на насилство на начин да возвратат со исто (30%), додека ученичките/учениците од хетерогените училишта реагираат во понизок степен со насилство (22%). Исто така, учениците од училиштата со хомогена структура на ученички/ученици, во нешто понизок степен не биле жртви на насилство (35%), отколку ученичките/учениците од мешана, т.е. хетерогена структура (42%), што пак може да е знак дека одредени ученички/ученици или групи на ученички/ученици се насилници, односно се жртви на насилство од ученички/ученици од друга етничка припадност.

**Табела 26**

| Како постапуваш кога некој е насилен спрема тебе? | | Училиште (Училишта М+ / Алб, М+ и Алб) | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Училиште М+ (Македонци и други) / училишта А (само Албанци) | | Училиште М+ (Македонци и други) | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| 2019 | Возвраќам на ист начин | 47 | 30 | 53 | 22 | 100 | 25 |
| | Барам помош од возрасни | 17 | 11 | 22 | 9 | 39 | 10 |
| | Не обраќам внимание, сеедно ми е | 31 | 20 | 49 | 20 | 80 | 20 |
| | Бегам | 2 | 1 | 7 | 3 | 9 | 2 |
| | Не сум бил жртва на насилство | 55 | 35 | 101 | 42 | 156 | 39 |
| | Без одговор | 6 | 4 | 10 | 4 | 16 | 4 |
| | Тотал | 158 | 100% | 242 | 100% | 400 | 100% |

Во низа параметри гледаме дека резултатите од одговорите на ученичките/учениците кои живеат во или надвор од главниот град се многу блиски, што нè доведува до потенцијален заклучок дека ситуацијата во скопските училишта е на исто ниво со училиштата надвор од градот и дека главно насилствата се насекаде подеднакво распространети, дека жртвите и реакциите кај ученичките/учениците на насилство се манифестираат на сличен начин.

# 8. Мерки за подобрување на разбирањето помеѓу ученичките/учениците од различни етнички групи во училиштата (2019)

### *Одговори на ученичките/учениците*

За подобро да го разбереме мислењето на ученичките/учениците, им поставивме отворено прашање „Според вас, што треба да се направи за да се подобри разбирањето помеѓу ученичките/учениците од различни етнички групи во вашето училиште?“, а тие дадоа одредени насоки одговарајќи спонтано на ова прашање. Имено, во највисок процент ученичките/учениците сметаат дека воведувањето заеднички часови, работилници, проекти и активности во најголема мера би ги подобрило меѓуетничките односи (28%). Понатаму, почитувањето на различните етнички групи и меѓусебната соработка и разбирање е на второ место со 14% од одговорите, а на трето место се истакнува меѓуетничката ко-

муникација меѓу ученичките/учениците, професорите/професорките, психолозите (8%). Ученичките/учениците одговориле со голем варијетет на одговори, што укажува на фактот дека во голем процент се спремни да направат одредени промени во однос на меѓуетничките односи.

**График 10**




Единствено кај мала група на ученички/ученици од седум ученички/ученици се забележуваат одредени форми на меѓуетничка нетолеранција каде воглавно ученичките/учениците покажуваат незадоволство и незаинтересираност за решавање на меѓуетничките односи. Две/двајца ученички/ученици, пак покажуваат разочараност дека не постојат начини за решавање на овие проблеми, односно велат дека нема да се подобри разбирањето. Од друга страна, пак околу 7% од ученичките/учениците се задоволни од ситуацијата, односно сметаат дека нема проблеми во меѓуетничкото разбирање.

Во анализата на вкрстените одговори забележуваме разлика во одговорите помеѓу ученичките/учениците од хомогените и хетерогените средини кај одговорот во врска со воведувањето заеднички часови, работилници, проекти и активности и тоа како предлог во повисок степен ова го даваат

ученичките/учениците од хетерогените средини (33%), отколку ученичките/учениците од хомогените средини (20%). Слична е ситуацијата во однос на овој одговор и кај ученичките/учениците во и вон Скопје. Имено, ученичките/учениците во Скопје во понизок процент (20%) го предлагаат овој начин за подобрување на разбирањето, во однос на ученичките/учениците кои живеат вон Скопје (33%).

## Одговори на професорите/професорките (2019)

Професорите/професорките, пак на прашањето: „Според вас, што треба да се направи за да се подобри разбирањето помеѓу професорите/професорките од различни етнички групи во вашето училиште?", воглавно одговараат дека се потребни вонnаставни активности (31%), а висок процент од нив не даваат одговор за подобрување на меѓуетничките разбирања (29%).

**График 11**




Главно професорите/професорките кои не се дел од Мировното образование во повисок процент не даваат одговор (38%), за разлика од професорите/професорките кои се дел од Мировното образование (19%), што донекаде укажува на полезноста и бенефитите на Мировното образование како темел за идеи и начини на справување меѓу професорите/професорките, а и ученичките/учениците од другите етнички заедници.

# 9. Жртви на насилство (2011 – 2019)

## *Разлики во перцепцијата на жртвите на насилства во средните училишта*

Перцепцијата на жртвите на насилство во 2019 г. за разлика од претходните години е непроменета во однос на структурата на училиштата врз база на хомогеноста или хетерогеноста. Односно, скоро во ист процент ученичките/учениците одговараат дека тие се лично жртви на насилство во хомогените (11%) и хетерогените училишта (10%), како и дека други со ученички/ученици се жртви на насилство (по 82% и во двете структури). Во претходните години се забележуваат разлики во однос на хомогените и хетерогените училишта, и тоа во 2011 година 81% од ученичките/учениците велат дека други ученички/ученици се жртви, а дека 3% се тие самите жртви, а во хетерогените се 92% спрема 5%. А пак во 2012 година, во хомогените училишта 70% жртви се другите ученички/ученици, а 5% се тие самите, а во хетерогените училишта 88% се други ученички/ученици, додека 3% се ученичките/учениците кои одговараат. Фактички, забележан е тренд на изедначување на насилствата и жртвите во 2019 година во однос на хомогените и хетерогените училишта за разлика од другите години. Исто така, се зголемува бројот на жртви на насилство во 2019 година во однос на претходните години, односно жртвите се и тие лично, но и нивните соученички/соученици. Во последното мерење кај хомогените училишта, процентот на училишта во кои нема насилства се има преполовено во однос на минатите години (15% во 2019, 30% во 2012 и 36% во 2011, види Табела 27).

**Табела 27**

| Дали ти или некој од твоите соученици бил жртва на насилство во твоето училиште? (можни се повеќе одговори) | | Училиште (Училишта М+ / Алб, М+ и Алб) | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Училиште М+ (Македонци и други) / училишта А (само Албанци) | | Училиште (М+ и Албанци) | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| 2011 | Јас | 5 | 3% | 12 | 5% | 17 | 5% |
| | Други соученици | 95 | 64% | 205 | 92% | 300 | 81% |
| | Нема насилство во училиштето | 53 | 36% | 15 | 7% | 68 | 18% |
| | Тотал[16)] | 148 | 103% | 222 | 104% | 370 | 104% |
| 2012 | Јас | 7 | 5% | 6 | 3% | 13 | 4% |
| | Други соученици | 97 | 70% | 164 | 88% | 261 | 80% |
| | Нема насилство во училиштето | 41 | 30% | 18 | 10% | 59 | 18% |
| | Тотал | 139 | 103% | 186 | 104% | 325 | 104% |
| 2019 | Јас | 17 | 11% | 24 | 10% | 41 | 10% |
| | Други соученици | 129 | 82% | 198 | 82% | 327 | 82% |
| | Нема насилство во училиштето | 24 | 15% | 33 | 14% | 57 | 14% |
| | Тотал | 158 | 108% | 242 | 105% | 400 | 106% |

Тестирањето дали има разлики во одговорите на учениците во средните училишта во и вон Скопје покажува дека во практично изедначен број изјавуваат дека нема насилство во нивните училишта (13% во Скопје и 15% вон Скопје).

16) На ова прашање анкетираните имаа можност да дадат повеќе од еден одговор. Во тоталот е прикажан бројот на анкетирани ученички/ученици, а во процентите е прикажан вкупниот процент на дадени одговори.

**Табела 28**

| Дали ти или некој соученик бил жртва на насилство? (можни се повеќе одговори) | | Училишта вон и во Скопје | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Училишта во Скопје | | Училишта вон Скопје | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| 2019 | Јас | 11 | 7 | 30 | 12 | 41 | 10 |
| | Други соученици | 131 | 85 | 196 | 80 | 327 | 82 |
| | Нема насилство во училиштето | 20 | 13 | 37 | 15 | 57 | 14 |
| | Тотал | 154 | 105% | 246 | 107% | 400 | 106% |

## *Жртва на насилство од различни категории*

Учениците кои доживеале да бидат малтретирани во највисок процент се жртви од нивните соученици/врсници (20%), а во многу пониски проценти се жртви на постари ученици (8%), помлади ученици (2%) или возрасни лица (3%). Од сите анкетирани, 65% велат дека не биле жртви на насилство, а 3% не даваат одговор на ова прашање. Нема значителни разлики помеѓу категориите во однос на тоа дали се учениците од хомогени или од хетерогени училишта, меѓутоа насилството инклинира да се јавува повеќе во хомогените училишта (62% не биле жртви на насилство) наспроти хетерогените училишта (67%), види Табела 29.

**Табела 29**

| Доколку некогаш си бил/а жртва на насилство, од кого си доживеал/а да бидеш малтретиран/а? | | Училиште (Училишта М+ / Алб, М+ и Алб) | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Училиште М+ (Македонци и други) / училишта А (само Албанци) | | Училиште (М+ и Албанци) | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| 2019 | Врсници | 29 | 18 | 51 | 21 | 80 | 20 |
| | Постари ученици | 20 | 13 | 12 | 5 | 32 | 8 |
| | Помлади ученици | 3 | 2 | 3 | 1 | 6 | 2 |
| | Возрасни | 3 | 2 | 8 | 3 | 11 | 3 |
| | Не сум бил жртва на насилство | 98 | 62 | 161 | 67 | 259 | 65 |
| | Без одговор | 5 | 3 | 7 | 3 | 12 | 3 |
| | Тотал | 158 | 100% | 242 | 100% | 400 | 100% |

## *Разлики во перцепцијата на „метата“ на насилства во средните училишта одредена од степенот на етничката хомогеност (2011 - 2019)*

Аналитичката опсервација на Табелата 30 покажува дека поизразени разлики има во одговорите „почесто отколку учениците од другите етнички групи“ кај хетерогените училишта во 2011 (4%), 2012 (9%) и 2019 (20%). Слични разлики забележуваме на одговорот дека ученици од други етнички групи во училиштето не се жртви на насилство во хомогените училишта и тоа од 60% во 2011, на 64% во 2012 година и пад од 23% процентни поени во однос на истражувањето во 2019 година (41%), што се совпаѓа со претходните увиди во резултатите каде забележуваме општо зголемување на насилството во хомогените училишта во однос на минатите години. Постои веројатност ваквите ставови да се формирани врз основа на социјалната перцепција во јавноста, при што во почетокот на минатата деценија (2011/2012) доминираа појаки националистички ставови, што директно влијаело на ставовите на учениците.

**Табела 30**

| Колку често учениците од твојата етничка група се жртви на насилство во однос на учениците од другите етнички групи? | | Училиште (Училишта М+ / Алб, М+ и Алб) | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Училиште М+ (Македонци и други) / училишта А (само Албанци) | | Училиште (М+ и Албанци) | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| 2011 | Почесто отколку учениците од другите етнички групи | 6 | 4% | 39 | 18% | 45 | 12% |
| | Во иста мера како и учениците од другите етнички групи | 31 | 21% | 73 | 33% | 104 | 28% |
| | Поретко отколку учениците од другите етнички групи | 22 | 15% | 60 | 27% | 82 | 22% |
| | Учениците од другите етнички групи во моето училиште не се жртви на насилство | 89 | 60% | 48 | 22% | 137 | 37% |
| | Не знам | | | 2 | 1% | 2 | 1% |
| | Тотал | 148 | 100% | 222 | 100% | 370 | 100% |
| 2012 | Почесто отколку учениците од другите етнички групи | 12 | **9%** | 34 | 18% | 46 | 14% |
| | Во иста мера како и учениците од другите етнички групи | 29 | 21% | 68 | 37% | 97 | 30% |
| | Поретко отколку учениците од другите етнички групи | 9 | 7% | 45 | 24% | 54 | 17% |
| | Учениците од другите етнички групи во моето училиште не се жртви на насилство | 89 | 64% | 39 | 21% | 128 | 39% |
| | Тотал | 139 | 100% | 186 | 100% | 325 | 100% |
| 2019 | Почесто отколку учениците од другите етнички групи | **32** | **20%** | 47 | 19% | 79 | 20% |
| | Во иста мера како и учениците од другите етнички групи | 40 | 25% | 67 | 28% | 107 | 27% |
| | Поретко отколку учениците од другите етнички групи | 22 | 14% | 53 | 22% | 75 | 19% |
| | Учениците од другите етнички групи во моето училиште не се жртви на насилство | 64 | 41% | 75 | 31% | 139 | 35% |
| | Тотал | 158 | 100% | 242 | 100% | 400 | 100% |

## *Поддршка и внимание на учениците изложени на насилство од страна на професорите/професорките(2019)*

Кога ги прашавме професорите/професорките за ангажираноста на училиштето (наставниот кадар или стручните служби) во врска со дадената поддршка на учениците кои се изложени на насилство, во повисок процент професорите/професорките од хомогените училишта велат дека секогаш им се дава поддршка на учениците за разлика од професорите/професорките од хетерогените училишта кои таа поддршка сметаат дека се дава поретко. Имено, 60% од професорите/професорките од хомогените училишта велат дека секогаш се дава поддршка, а пак во хетерогените училишта 46% од професорите/професорките го делат истото мислење (види Табела 31). Агрегирани одговорите често, ретко и никогаш покажуваат дека, исто така, постојат разлики во одговорите кај професорите/професорките, односно професорите/професорките од хомогените училишта во 40% ги даваат овие

одговори, за разлика од професорите/професорките од хетерогените училишта кои во 54% дале вакви одговори. Незанемарливи се податоците кои укажуваат на тоа дека двајца професори/професорки од хетерогените училишта велат дека никогаш не им се дава внимание и поддршка на ученичките/учениците изложени на насилство. Тука е многу важно да се истакне дека треба да им се посвети исто внимание како на тие коишто се изложени на насилство, така и на ученичките/учениците кои се однесувале насилно.

**Табела 31**

| Колку често училиштето (наставен кадар, стручни служби) им дава поддршка и внимание на учениците кои се изложени на насилство? | | Училиште (Училишта М+ / Алб, М+ и Алб) | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Училиште М+ (Македонци и други) / училишта А (само Албанци) | | Училиште (М+ и Албанци) | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| 2019 | Секогаш | 18 | 60 | 26 | 46 | 44 | 51 |
| | Често | 9 | 30 | 19 | 34 | 28 | 33 |
| | Ретко | 3 | 10 | 8 | 14 | 11 | 13 |
| | Никогаш | | | 2 | 4 | 2 | 2 |
| | Без одговор | | | 1 | 2 | 1 | 1 |
| | Тотал | 30 | 100% | 56 | 100% | 86 | 100% |

# 10. Мерки кои треба да се преземат кон насилниците во училиштата (2019)

Како и во претходното прашање, и во одговорите на ова прашање забележуваме тенденција професорите/професорките во хетерогените училишта да покажуваат поголем отпор во борбата против булингот, односно тие имаат поизразена тенденција за санкционирање на насилниците (32%), отколку пак учениците од хетерогените училишта кои сметаат дека со превенција ќе може да се помогне како и да се покаже грижа кон насилникот за да се подобри неговото ментално здравје (45%). Во однос на ова, односот на учениците од хомогените и хетерогените училишта кои сметаат дека треба да му се помогне на насилникот е 35%:45%, а соодносот кај професорите/професорките е 73%:55%. Од друга страна, пак професорите/професорките од хетерогените училишта (32%) и ученичките/учениците од хомогените училишта (58%) во повисок процент сметаат дека насилникот треба да се казни за разлика од професорите/професорките од хомогените (13%) и ученичките/учениците од хетерогените училишта (43%).

**Табела 32**

| По ваше мислење, како треба да се постапи кон насилникот? 2019 | | Училиште (Училишта М+ / Алб, М+ и Алб) | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Училиште М+ (Македонци и други) /училишта А (само Албанци) | | Училиште (М+ и Албанци) | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| **Ученици** | Да му се помогне | 55 | 35 | 110 | 45 | 165 | 41 |
| | Да се казни | 92 | 58 | 103 | 43 | 195 | 49 |
| | Да се игнорира | 2 | 1 | 14 | 6 | 16 | 4 |
| | Да се промени општеството | 1 | 1 | | | 1 | 0 |
| | Исклучување од училиштето | 7 | 4 | 13 | 5 | 20 | 5 |
| | Да се упати на психолог | 1 | 1 | 2 | 1 | 3 | 1 |
| | Тотал | 158 | 100% | 242 | 100% | 400 | 100% |
| **Професори/ професорки** | Да му се помогне | 22 | 73 | 31 | 55 | 53 | 62 |
| | Да се казни | 4 | 13 | 18 | 32 | 22 | 26 |
| | Да се игнорира | | | 1 | 2 | 1 | 1 |
| | Да се сослушаат причините и после да се реагира соодветно | 3 | 10 | 6 | 11 | 9 | 10 |
| | Без одговор | 1 | 3 | | | 1 | 1 |
| | Тотал | 30 | 100% | 56 | 100% | 86 | 100% |

Ако внимателно се опсервираат варијациите во одговорите на професорите/професорките и ученичките/учениците може да се увиди дека помеѓу ученичките/учениците постои јасна инклинација, без оглед дали се од хомогено или хетерогено училиште, во поголем број да се изјаснуваат за казнено рестриктивни мерки во однос на ставот на професорите/професорките. Ова може да е резултат на смалена толеранција кон насилниците што води кон намалена доверба во превенцијата од насилствата. Овие податоци фрлаат можеби дополнителна светлина на поизразената потреба за преземање рестриктивни мерки во рамките на Програмата за мировно образование за да се стави понагласен акцент на потребата да им се пружа соодветна помош на насилниците, да се проучат причините за насилното однесување, затоа што таквиот пристап дава можност за постигнување трајни резултати во борбата против насилствата во училиштата. Втор значаен придонес на ваквиот пристап е дека воспитувањето за преземање одговорност за контрола на однесувањето кај ученичките/учениците ќе го зголеми увидот за надминување на потребата за „цврста рака“ присутна во авторитарните општествени системи.

Оттука произлегува и препорака за Програмата за мировното образование континуирано да се работи на преземање на одоговорноста за однесувањето и на професорите/професорките и на ученичките/учениците. Во рамките на Програмата да се стимулира поголемо вклучување на ученичките/учениците во развивање процедури за справување со насилството.

# 11. Оправданост на употребата на насилство во решавање на проблемите во општеството (2011 - 2019)

Скоро две третини од учениците во 2019 година сметаат дека не е оправдано решавањето на проблемите во општеството со насилство што во споредба со 2012 година е намалување за околу 9% процентни поени, што донекаде укажува на еден тренд на зголемување на нетолеранцијата и насилничкото решавање на проблемите. Нешто повисоки се и процентите на учениците од хомогените средини во кои учат само Албанки/Албанци (34%) во однос на другите групи (хомогени училишта со Македонки/Македонци – 27% и други етнички припадности и хетерогени училишта - 29%).

**Табела 33**

| Дали сметаш дека употребата на насилство за да се решат проблемите во општеството е оправдано или неоправдано? | | Училиште (Училишта М+, Алб, М+ и Алб) | | | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Училиште М+ (Македонци и други) | | Училишта А (само Албанци) | | Училиште (М+ и Албанци) | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| 2019 | Оправдано (потполно + донекаде) | 28 | 27 | 18 | 34 | 70 | 29 | 116 | 29 |
| | Неоправдано (потполно + донекаде) | 77 | 73 | 35 | 66 | 172 | 71 | 284 | 71 |
| | Тотал | 105 | 100% | 53 | 100% | 242 | 100% | 400 | 100% |

Ваквата различна клима одредена од присуството на насилствата во училиштата придонела да се формираат и различни ставови кон оправданоста на насилствата. Во училиштата со хомоген социодемографски состав 15% во 2011, 17% во 2012 и 29% во 2019 г. насилството го сметаат за оправдано, 33% во 2011 (намалено за 10 процентни поени), во 2012 изнесува 23%, а пак во 2019 година изнесува 29% (се зголемува за 6 процентни поени во училиштата со хетероген социодемографски состав, види Табела 34).

**Табела 34**

| Дали сметаш дека употребата на насилство за да се решат проблемите во општеството е оправдано или е неоправдано? | | Училиште (Училишта М+ / Алб, М+ и Алб) | | | | Total | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Училиште М+ (Македонци и други) / училишта А (само Албанци) | | Училиште (М+ и Албанци) | | Број | Col% |
| | | Број | Col% | Број | Col% | | |
| 2011 | Оправдано | 23 | **15%** | 73 | **33%** | 96 | 26% |
| | Неоправдано | 125 | 85% | 149 | 67% | 274 | 74% |
| | Тотал | 148 | 100% | 222 | 100% | 370 | 100% |
| 2012 | Оправдано | 23 | **17%** | 42 | **23%** | 65 | 20% |
| | Неоправдано | 116 | 84% | 144 | 77% | 260 | 80% |
| | Тотал | 139 | 100% | 186 | 100% | 325 | 100% |
| 2019 | Оправдано | 46 | **29%** | 70 | **29%** | 116 | 29% |
| | Неоправдано | 112 | 71% | 172 | 71% | 284 | 71% |
| | Тотал | 158 | 100% | 242 | 100% | 400 | 100% |

Генерално, се забележува тренд на зголемување на прифаќањето на оправданоста на решавањето на проблемите во општеството преку насилство. Овој наод соодветствува со социјалната реалност во земјава, бидејќи последнава деценија во јавното мислење присутна е перцепцијата за неказнивост на

насилствата што, од своја страна, дава порака дека нема други механизми за решавање на конфликтитие, освен со насилство.

Кај учениците, пак кои живеат во и надвор од Скопје, се детектирани разлики во перцепцијата за решавање на проблемите во општеството по насилен пат. Имено, учениците од Скопје (35%) имаат поголема тенденција во одговарање дека општествените проблеми е оправдано да се решаваат насилно, отколку учениците кои живеат вон Скопје (25%), што се поткрепува и со наодите на други прашања дека перцепциите за насилства во училиштата се нешто повисоки во Скопје, отколку во другите градови.

# 12. Обраќање за помош при доживување насилство (2019)

## *Обраќање до родителите при доживување насилство*

Поради сложеноста на феноменот на насилство и различното разбирање и прифаќање како и перцепцијата за доживување на насилството, ги прашавме сите ученици (и тие што доживеале и тие што не доживеале насилство) како реагираат, односно дали и колку често им се обраќаат на своите родители. За да направиме дистинкција помеѓу одговорите на учениците што изјавиле дека доживеале насилство со одговорите на учениците кои изјавиле дека не доживеале насилство, ги вкрстивме одговорите во однос на прашањето колку често, ако воопшто, им се обраќаат на своите родители. Учениците кои се жртви на насилство во повисок процент никогаш не им се обратиле на своите родители (32%), отколку тие ученици кои изјавуваат дека не биле жртви на насилство и никогаш не им се обраќаат на своите родители (10%). Односно, алармантен е фактот дека скоро третина од учениците кои биле жртви на насилство не се обратиле на своите родители за доживеаното насилство.

**Табела 35**

| Им се обраќам на родителите доколку сум доживеал/а насилство | | Жртви на насилство | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Жртва на насилство | | Не бил жртва на насилство | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| 2019 | Никогаш | 45 | 32 | 25 | 10 | 70 | 18 |
| | Ретко | 40 | 28 | 18 | 7 | 58 | 15 |
| | Често | 8 | 6 | 4 | 2 | 12 | 3 |
| | Секогаш | 36 | 26 | 22 | 8 | 58 | 15 |
| | Не сум бил жртва на насилство | | | 190 | 73 | 190 | 48 |
| | Без одговор | 12 | 9 | | | 12 | 3 |
| | Тотал | 141 | 100% | 259 | 100% | 400 | 100% |

Од сите ученици кои одговориле на прашањето: Дали им се обраќаат на своите родители кога доживуваат одредено насилство?, не забележуваме разлики во однос на тоа дали доаѓаат од хомогени или хетерогени училишта, како и тоа дали доаѓаат од Скопје или пак од училишта вон главниот град. Па, така, во просек, 18% од учениците никогаш не им кажуваат на родителите, а 15% ретко. Со „често“ одговориле 3% од учениците, а со „секогаш“ одговориле 15% од учениците.

**Табела 36**

| Им се обраќам на родителите доколку сум доживеал/а насилство | | Училиште (Училишта М+ / Алб, М+ и Алб) | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Училиште М+ (Македонци и други) / училишта А (само Албанци) | | Училиште (М+ и Албанци) | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| | Никогаш | 28 | 18 | 42 | 17 | 70 | 18 |
| | Ретко | 26 | 16 | 32 | 13 | 58 | 15 |
| | Често | 4 | 3 | 8 | 3 | 12 | 3 |
| | Секогаш | 24 | 15 | 34 | 14 | 58 | 15 |
| | Не сум бил жртва на насилство | 74 | 47 | 121 | 50 | 195 | 49 |
| | Без одговор | 2 | 1 | 5 | 2 | 7 | 2 |
| **2019** | Тотал | 158 | 100% | 242 | 100% | 400 | 100% |

## *Фреквенција на обраќање на жртвите на насилство во училиштето (2019)*

Учениците на прашањето во врска со тоа кому и колку често се обраќаат во училиштето кога се жртви на насилство, во највисок процент одговориле дека никогаш не се обраќаат на директорот на училиштето (62%), нешто помалку на друг професор/ка (50%), на педагог/психолог (42%), класен раководител (34%), соученик (31%). 28% од учениците велат дека никогаш сами не го решаваат проблемот, а само 9% од сите ученици велат дека не кажале никому во училиштето кога биле жртви на насилство.

При агрегација на одговорите „секогаш + често", линијата на обраќање кон другите, согледуваме одредена спремност учениците да го искажат своето доживување или, подобро кажано, учениците се спремни да ја искажат позицијата на жртва на некого. Поконкретно, во највисок процент учениците се спремни самите да го решат проблемот (55%) или да им кажат на своите соученици (49%) и на класниот раководител (48%). Секако, ова се хипотетички ситуации, односно во зависност од типот на насилството, ученикот\ученичката може да се чувствува способен/способна сам\а да го реши проблемот, иако за ситуацијата може да биде известен некој друг.

Како спонтани одговори кои се дадени како одговор во „друго" се јавуваат неколку каде учениците велат дека се обраќаат на пријатели/другари, на обезбедување, на полиција, на постари ученици, а еден спонтан одговор од ученик дава екстремна реакција на насилството при што одговорил: „го убивам" (воедно овој ученик сам ги решава проблемите, а единствено често кажува на соученик).

**График 12**



## Кому, според професорите/професорките, треба да се обратат ученичките/учениците за помош при насилство? (2019)

На прашањето „Кога ученици доживуваат насилство, кому, според вас, треба да се обратат за помош?“ во кое по приоритет треба да се одлучи кому треба учениците да му се обратат за помош, професорите/професорките одговараат со рангови кај секој одговор. Обработката на одговорите на овие прашања е преку давање поени на секој ранг[17]. Според добиените одговори, највисок ранг има одговорот дека учениците треба да се обратат на професор/ка или на класниот раководител, потоа следи одговорот дека треба да се обратат на педагогот, односно психологот на училиштето, одговорот „на нивните родители“ е на трето место, потоа на директорот, па на соученик, на шесто место е дека треба да се јават на СОС-телефонот за деца и млади при Меѓаши, потоа на полицијата, а најмалку одговори има одговорот дека никому не треба да се обратат. Зачудувачки е фактот што дел од професорите/професорките сметаат дека ученичките/учениците никому не треба да се обраќаат за помош при насилство, меѓутоа е присутен.

Овие наоди одат во прилог на тоа дека еден дел од професорите/професорките сметаат дека образованието е нивна основна задача, само да предаваат и оценуваат. Воспитната компонента – комуникација со ученички/ученици, разрешување конфликти и сл., не сметаат дека влегува во доменот на нивната работа. Ова се аргументи кои одат во насока на работа со професорите/професорките за развивање на нивните вештини за разрешување конфликти. Овој недостаток може да се постигне во рамките на Мировното образование со подигнување на свесноста за нивната улога во воспитниот процес.

**Табела 37**

| | | |
|---|---|---|
| На професор/ка/класен раководител | 610 | 1 |
| На педагог/психолог | 547 | 2 |
| На родителите | 533 | 3 |
| На директор | 375 | 4 |
| На соученик | 253 | 5 |
| СОС-телефон за деца и млади при Меѓаши | 178 | 6 |
| Полиција | 173 | 7 |
| Никому | 52 | 8 |

## Од кого професорите/професорките бараат помош при насилство? (2019)

Кога некој од професорите/професорките се нашол во конфликтна ситуација, најчесто се обратил на покомпетентните во училиштето кои ги сметаат за авторитети, како педагог/психолог (73%), класни раководители (52%) и директори (28%). Најмалку, пак професорите/професорките се обраќаат во полиција или пак никому не се обраќаат.

Професорите/професорките кои се во Мировното образование и професорите/професорките кои не се, воглавно во слични проценти се обраќаат на педагогот/психологот (72% се дел од Мировното образование, напрема 74% кои не се дел од Мировното образование), на класниот раководител - 62%:41%, на директорот - 34%:21% итн. Се забележува тенденција професорите/професорките од Мировното образование да бараат помош од повеќе места (во просек 2,3 места) за разлика од професорите/професорките кои не се дел од Мировното образование (помош од 1,7 места).

Овие податоци илустрираат дека во рамките на Мировното образование се работело на вмрежување и развивање на свесност за системите за поддршка на професорите/професорките. Веројатно оттука произлегува и поголемата фреквентност на одговорите да се обраќаат за помош на повеќе места кај професорите/професорките кои се дел од Мировното образование, во однос на оние кои не се дел. Со тоа позитивниот резултат на Мировното образование во насока на пружање поддршка на професорите/професорките и емпириски е потврден.

**Табела 38**

| Од кого барате помош при насилство? | | Дел од Мировното образование | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Да | | Не | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| 2019 | Педагог/ психолог | 34 | 72 | 29 | 74 | 63 | 73 |
| | Класен раководител | 29 | 62 | 16 | 41 | 45 | 52 |
| | Директор | 16 | 34 | 8 | 21 | 24 | 28 |
| | Сам/а го решавам проблемот | 12 | 26 | 10 | 26 | 22 | 26 |
| | Друг професор | 13 | 28 | 1 | 3 | 14 | 16 |
| | Родители | 1 | 2 | 1 | 3 | 2 | 2 |
| | Никого | | | 1 | 3 | 1 | 1 |
| | Полиција | 1 | 2 | | | 1 | 1 |
| | Немав конфликтна ситуација | 1 | 2 | | | 1 | 1 |
| | Total | 47 | 228% | 39 | 169% | 86 | 201% |

Овие наоди уште еднаш докажуваат дека стручните соработници се стожерот на училиштата во Мировното образование. Заради тоа, нивниот придонес треба да се валоризира на соодветен начин. Исто така, нормативите за стручните соработници треба да се ускладат со актуелната ситуација која покажува тенденција на влошување на состојбата во училиштата.

# 13. Мерки за намалување на насилството во училиштата

Имајќи на ум дека насилствата во училиштата генерално се доведени на високо ниво, неопходно е да се преземат конкретни мерки по кои ќе се работи за нивното намалување, бидејќи нивното целосно елиминирање е невозможно.

### *Преземање активности за намалување на меѓуетничката нетолеранција и/или насилство (2011 -2019)*

Младите во највисок процент сметаат дека младински/училишни клубови во највисок процент ќе ја подобрат состојбата во училиштата во однос на меѓуетничката толеранција и/или насилството, споредено во сите три истражувања (82% во 2011, 86% во 2012 и 82% во 2019). Веќе на второто место процентите се менуваат во однос на процентот на активности кои најдобро ќе помогнат во совладување на нетолеранцијата и немирите, па така во 2011 година 81% од учениците сметаат дека тоа би бил Советот на ученици, во 2012 година 78% го сметаат истото, а на второто место се состаноците на учениците во 2019 г. со 80%. Иако местоположбата на различните активности кои можат да се преземат за подобрување на ситуацијата во училиштата не е во секоја година иста, разликите помеѓу процентите во кои се изразени се незначителни, односно разликите се помали од предвидената маргина на грешка од околу +/- 5%. Учениците и во трите години сметаат дека петициите до директорот се во најнизок процент успешни во решавањето на овие проблеми (52% во 2011, 44% во 2012 и 55% во 2019). Во 2019 година, меѓуетничките работилници котираат на едно место погоре на листата на приоритетни активности, односно 78% во 2019 г. сметаат дека тие активности би ја подобриле состојбата во училиштата, во 2012 тоа го сметаат 67% од учениците, а во 2011 година 66% од учениците го делат истото мислење.

График 13




График 14




График 15



## Мерки кои треба да ги преземе училиштето за намалување на насилството (2019)

На учениците им поставивме уште едно отворено прашање: „Што, според твое мислење, треба да преземе училиштето со цел намалување на насилството меѓу врсниците?„, на кое тие одговараа со свои предлози, каде голем дел од одговорите содржат и фактори кои тие ги наведуваа во своите одговори. Затоа ние се обидовме да ги прикажеме главните фактори кои ги наведуваат учениците во своите спонтани одговори, кои всушност претставуваат поими кои служат како осовина околу која се вклучени и други фактори во склопот на одговорот на ученикот. На тој начин практично ги детектиравме најистакнатите одговори на учениците за тоа што треба да се преземе со цел намалување на насилството во училиштата. Бидејќи се тоа спонтани одговори и ученичките/учениците давале по неколку различни одговори, издвоени во прилог број 3 се прикажани сите одговори на учениците како можност за подетална анализа. Подолу во Табела број 39 се прикажани сублимирани категории на одговорите без приказ на нивната фреквентност (претставување на појавноста на решенијата).

Од овие одговори можеме да направиме одредена сумација на одговори претставени во:

- позитивни и конструктивни решенија и одговори
- казнено-рестриктивни решенија
- останати предлози и решенија.

**Табела 39а**

| Позитивни и конструктивни решенија |
|---|
| Повеќе дружење, активности, екскурзии, спортски активности |
| Да се организираат дебати, состаноци, клубови |
| Соработка со психолог, класен раководител, директор, родители |
| Свесност дека насилството не решава ништо, едукација |
| Предавања што влијаат на насилното однесување и како да се избегне насилство |
| Меѓуетнички работилници против насилство, дух на толеранција |

**Табела 39б**

| Казнено-рестриктивни решенија |
|---|
| Контрола од професорите, психолозите |
| Казни за насилниците |
| Да се избркаат насилниците ако не се поправат |
| Не може да се намалат/да се спречат случувањата на насилства |
| Ништо, училиштето презело сè што треба |
| Да не се сретнуваат ученици меѓу смени, да не се мешаат |
| Построги правила за однесување на учениците |

**Табела 39в**

| Останати предлози и решенија |
|---|
| Да се формираат совети на ученици |
| До ставовите на учениците е, насилството е негативна афирмација |
| Истакнување на вистински вредности |
| Да се спречат случувања на насилства |
| Да се зголеми обезбедувањето во училиштето, полицијата |
| Да нема делби меѓу учениците, да нема дискриминација |
| Превентивни мерки, педагошки мерки, поголема одговорност |

## *Учество на учениците во наставни и вонаставни активности (2019)*

Во последното истражување ги прашавме учениците за нивните активности кои се однесуваат за училиштето, при што одговараат дека најчесто посетуваат екскурзии (63%), одредени проекти (49%) и на листата по фреквентност на посета на активности на третото место се вонаставните активности (27%). Учениците во највисок процент никогаш не посетуваат концерти (36%), дополнителни (34%) или додатни настави (33%).

**График 16**




## *Постоење на механизми за спречување на насилство меѓу ученичките/учениците (2019)*

Според податоците добиени од одговорите на професорите/професорките дадени во врска со тоа дали постојат механизми со кои училиштето се справува со насилството меѓу ученичките/учениците, професорите/професорките без разлика на тоа дали се дел од Мировното или не се дел од Мировното образование, одговараат на сличен начин, односно дека во околу 90% од училиштата постојат такви

механизми, а во околу 10% не постојат. Подетално, по 4 професори/професорки и во хомогените и во хетерогените училишта одговориле дека во училиштето нема механизми за спречување на насилството меѓу учениците.

**Табела 40**

| Дали во училиштето постојат механизми за спречување на насилството меѓу учениците? | | Дел од Мировното образование | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Да | | Не | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| 2019 | Да | 43 | 91 | 34 | 87 | 77 | 90 |
| | Не | 4 | 9 | 5 | 13 | 9 | 10 |
| | Total | 47 | 100% | 39 | 100% | 86 | 100% |

Од спонтаните одговори во кои професорите/професорките објаснуваат кои се механизмите со кои се справува училиштето, категоризирано издвоени се повеќе одговори во кои се истакнуваат одговорите дека се пристапува кон работилници со психологот или класниот час е едукација за оваа тема, понатаму, обраќање на директорот, класниот, педагогот или психологот итн. Неколкумина професори/професорки експлицитно кажуваат дека постојат механизми, но се неефективни, што значи дека често треба да се преиспитуваат овие механизми и нивното функционирање, а скоро секој/а четврти/а професор/ка не дава објаснување кој е начинот за справување со насилствата во училиштето.

**Табела 41**

| |
|---|
| **Има, но недоволно, не е ефективен** |
| Дежурни професори/професорки, училишно и полициско обезбедување |
| Воннаставни активности кои ќе ги зближат учениците |
| Протокол како да се постапи во случај на кој било вид на насилство |
| Разговарање со учениците и родителите за причината на конфликтите |
| Директор, класен, педагог, психолог |
| Работилници со психолог, класниот час како едукативен |

## *Преземање мерки за намалување на насилството во училиштата (2019)*

Како и во претходното прашање и тука професорите/професорките се запрашани на кои начини тие сметаат дека треба да се намали насилството во училиштата, при што имаме спонтано одговарање со повеќе различни одговори кои се понатаму категоризирани како одговори без да се прикаже нивната појавност поради повеќекратните повторувања на истите одговори. Одговорите покажуваат дека професорите/професорките покажуваат спремност за разрешување на насилствата преку голем дијапазон на одговори во врска со тоа како можат тие да се разрешуваат. Најчесто се јавуваат одговорите дека треба често да се разговара и дебатира на таа тема со учениците, како и тоа дека е потребна поинтензивна едукација на учениците како да избегнат насилство (без разлика на тоа дали се тие потенцијалните насилници или жртви). Се забележува и одговор во кој професорите/професорките велат дека не секогаш казнените мерки се почитувани, односно не секогаш тие се однесуваат подеднакво за секој насилник, што укажува на тоа дека во училиштата постојат необјективни и нееднакви односи и фаворизирања на одредени ученици, што дополнително може да ја влоши ситуацијата во училиштата и од аспект на засилување на улогата на насилниците и од аспект на чувството на неправедност кај жртвите, кои може заради тоа во наредниот период да станат потенцијални насилници.

**Табела 42**

| |
|---|
| Ангажирање на учениците со разни активности |
| Промоција на ненасилство и нулта толеранција на насилство |
| Чести разговори со учениците, дебати |
| Да се детектираат причините за насилство |
| Да има селекција и квалитет на ученичките/учениците, во училишните клупи треба да бидат ученичките/учениците кои сакаат да учат |
| Да се едуцираат на тема - разрешување на конфликти, предрасуди, булинг |
| Казнените мерки да се почитуваат без разлика кој е насилникот |
| Соработка меѓу факторите внатре во училиштето и транспарентна комуникација |
| Родителите да работат повеќе со нивните деца |
| Вклучување на Мировното образование во класните часови |

# 14. Проценка за зголемување/намалување на насилството во училиштата (2019)

Општата импресија на професорите/професорките во врска со тоа дали е намалено или не е намалено насилството во училиштата откако се спроведува Програмата за мировно образование, е дека насилството се намалува (68%). Околу 29% од професорите/професорките сметаат дека насилството останува непроменето, а само 2% од професорите/професорките го перципираат како зголемено.

**График 17**




Гледано низ призмата на учеството во Мировното образование на професорите/професорките врз основа на резултатите можеме да увидиме дека бавењето со оваа проблематика резултира со свесност дека насилството е намалено, а од друга страна, и овие професори/професорки поради вклученоста во Програмата за мировно образование имаат увид во резултатите и можат да направат споредба со минатото, за разлика од професорите/професорките кои не се вклучени во овој проект. Имено, 77% од

професорите/професорките вклучени во Програмата сметаат дека насилството е намалено, во однос на професорите/професорките кои не се вклучени во Програмата (59%). Без оглед на овие разлики, мнозинството професори/професорки и од двете категории сметаат дека насилството е намалено. Непроменето, пак насилството го перцепираат во повисок процент професорите/професорките кои не се вклучени во Мировното образование (38%), а пак вклучените професори/професорки се во понизок процент од нив (21%).

**Табела 43**

| Дали сметате дека насилството во вашето училиште денес споредено со периодот пред започнување на Програмата за мировно образование е: | | Дел од Мировното образование | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Да | | Не | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| 2019 | Намалено | 36 | 77 | 23 | 59 | 59 | 69 |
| | Зголемено | 1 | 2 | 1 | 3 | 2 | 2 |
| | Непроменето | 10 | 21 | 15 | 38 | 25 | 29 |
| | Тотал | 47 | 100% | 39 | 100% | 86 | 100% |

### *Учество во Програмата за мировно образование (2019)*

Од сите 86 анкетирани професори/професорки (само еден/една професор/ка не се изјаснил/а дали е дел од Мировното образование) од училиштата во кои е вклучено Мировното образование под раководство на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши, во училиштата од хетероген тип половината од професорите/професорките се вклучени, а другата половина не се вклучени во Мировното образование. Малку е поразлична структурата на професорите/професорките кои одговарале на прашалникот во училиштата од хомоген тип каде што околу две третини (66%) од професорите/професорките се дел, а една третина (34%) не се дел од Мировното образование.

**Табела 44**

| Дали сте дел од Програмата за мировно образование која се спроведува во училиштата во соработка со Првата детска амбасада во светот- Меѓаши? | | Училиште (Училишта М+ / Алб, М+ и Алб) | | | | Тотал | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Училиште М+ (Македонци и други) / училишта А (само Албанци) | | Училиште (М+ и Албанци) | | | |
| | | Број | Col% | Број | Col% | Број | Col% |
| 2019 | Да | 19 | 66 | 28 | 50 | 47 | 55 |
| | Не | 10 | 34 | 28 | 50 | 38 | 45 |
| | Тотал | 29 | 100% | 56 | 100% | 85 | 100% |

# 15. Резиме на главните наоди од истражувањата

Главна интенција на анализите за сите досега спроведени истражувања во периодот од 2011 до 2019 година беше, врз емпириска основа добиена со истражувањата, да се направи проценка на придонесот на Мировното образование во средните училишта опфатени со истражувањата.

Основните наоди покажуваат дека два клучни фактори покажуваат континуиран процес на подобрување. Помеѓу учениците од различни етнички групи постојано се зголемуваат и фреквентноста на комуникацијата и инклузивноста помеѓу нив. Со текот на времето, овие два индикатори заедно ја менуваат климата помеѓу учениците во позитивна насока. Показателите за присуството на меѓуетничките тензии и инциденти покажуваат дека тие се зголемуваат во 2019 г., споредено со 2011 и 2012

г. Но, кога се анализираат податоците дали се од Скопје или во некој град од внатрешноста, се доаѓа до заклучок дека и во 2019 година во Скопје варијациите за присуството на меѓуетничките тензии и инциденти се во опсег кој упатува на заклучокот дека промените генерално имаат тенденција на намалување. Меѓутоа податоците за училиштата вон Скопје укажуваат на тоа дека во перцепциите на ученичките/учениците доминира присуството на тензиите и инцидентите, во однос на нивното отсуство. Затоа проширувањето на примерокот во најновото истражување и за училишта вон Скопје се покажа оправдан и целисходен. На тој начин се создадоа услови да се согледуваат феномените на насилството во поширок радиус.

Во други случаи се покажува дека нема значајни разлики помеѓу перцепциите во и вон Скопје, што ни дава основа да согледаме дека феноменот на одреден аспект на насилства е општо распространет во земјава. Така утврдивме дека помеѓу петте прворангирани форми на булинг, четири од нив го имаа истиот ранг во и вон Скопје. Тоа значи дека навредувањето и исмејувањето на учениците се прворангирани според бројот на ученици кои ги навеле според зачестеноста на појавувањето на овие видови насилство. Второрангирано е уништувањето на училишниот инвентар, треторангирани се тепачките меѓу учениците и четврторангирано е навредувањето на учениците од страна на професорите/професорките. Предмет на понатамошни опсервации е да се утврди дали ваквата структура е променлива и во која насока. Ваквите опсервации ќе пружат подобар увид во детерминантите на насилствата, што од своја страна ќе придонесе за подобро разбирање, а со тоа и подобрена превенција од насилствата во училиштата, воопшто.

Следен чекор кој претставува новина во променетиот концепт на истражувањето е и вклучувањето на професорите/професорките во истражувањето. Така што беа опфатени и оние кои се дел и оние кои не се дел од Програмата за мировно образование на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши. Овој пристап овозможи да се лоцираат жаришните точки на спротивставени перцепции помеѓу учениците и професорите/професорките за исти прашања. Тие сознанија, од своја страна, помагаат да се редуцираат потенцијалните конфликти помеѓу нив.

Овие промени во истражувачкиот пристап го овозможија сознанијата од претходните две истражувања. Врз основа на сознанијата од спроведените истражувања, а со цел да се постигне поголема ефикасност и поголеми ефекти во Програмата за мировно образование треба да се има предвид дека насилното однесување е комплексна варијабла во која се вклучени повеќе компоненти. Затоа ако се појде од ова при практично градење на стратегијата на мировно образование, треба настојчиво да се собираат како зрна, фактор по фактор, оние кои имаат позитивно влијание на намалување на насилното однесување во секоја конкретна средина/училиште. Треба, исто така, да се појде и од фактот дека феноменот на булингот - врсничките насилства, по својата природа е феномен на кој може да се влијае за тој да се намалува и контролира, но треба да се има предвид дека никогаш не може целосно да се елиминира.

Резимирајќи ги резултатите од истражувањето во целост, можеме да забележиме дека и покрај тоа што Програмата за мировно образование во одредени сегменти индицира дека ученичките/учениците во повисок степен се запознаени со причините и последиците од насилното однесување и дека тие се интегрирани, пред сè во когнитивниот, а донекаде и во афективниот склоп на перцепцијата на насилството кај учениците, несомнено и покрај тоа, не се покажуваат јасни знаци на намалување на формите и содржините на насилствата во училиштата. Ваквиот наод на најдобар начин илустрира дека проблемот со насилствата во училиштата не може и не смее да се препушти само на училиштата, професорите/професорките, психолозите и невладините организации, како што е Меѓаши и другите чинители кои се ангажираат во својата секојдневна пракса. Треба да се развива интегрирана стратегија за превенција од насилствата во која ќе се вклучат и сите други релевантни фактори на општеството.

# Прилог 1 Прашалник за учениците

## АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК
## ЗА ПРОГРАМАТА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (2019)

Првата детска амбасада во светот – Меѓаши во април 2011г. започна со спроведување на Пилот-проект за мировно образование со цел да ги промовира мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем и да укаже на потребата од вградување на Мировното образование во наставните програми.

За успешна реализација на Програмата, важно ни е да го добиеме вашето мислење. Прашалникот е дизајниран и наменет за добивање податоци од ученици од девет средни училишта од Скопје, Велес, Виница, Дебар и Гостивар. Направивме кус прашалник кој нема да ви одземе многу време.

Прашалникот обезбедува анонимност за оние кои ќе го пополнат. Резултатите од истражувањето ќе бидат прикажани преку збирна анализа на податоците. Анализата на податоците ќе биде употребена за писмена (јавна) документација, но без наведување на изворот, т.е. имињата на лицата.

Те молиме, прашалникот да го пополниш што е можно поискрено, бидејќи ни претставува важна основа за понатамошниот развој на Програмата во насока на намалување на насилството во училиштата.

Инструкции за пополнување на прашалникот:

- Важно е твоето мислење, нема погрешни и правилни одговори.
- Задолжително да се одговори на сите прашања.
- Заокружи го редниот број пред одговорот.

**Училиште** ____________________________________________________________

**Клас** ________

**Q1. Дали комуницираш со ученици од други етнички групи?**

(САМО ЕДЕН ОДГОВОР)

1. често
2. понекогаш
3. ретко
4. никогаш не комуницирам со ученици од други етнички групи

**Q2. Доколку комуницираш, без оглед дали е тоа често, понекогаш или ретко, каде се одвива таа комуникација со ученици од друга етничка припадност?**

(МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ)

2_1. во училиште
2_2. на спортски игралишта
2_3. младински клубови
2_4. во соседството
2_5. места за забава (кафе барови, клубови итн.)
2_6. друго (запиши) ______________________________________________
2_7. досега немам остварено никаква комуникација со ученици од други етнички групи

**Q3. Дали си подготвен/а да комуницираш со ученици од други етнички групи?**

(САМО ЕДЕН ОДГОВОР)

1. Да, подготвен/а сум да комуницирам.
2. Не, не сум подготвен/а да комуницирам.
3. Веќе имам остварено комуникација со ученици од други етнички групи.

**Q4. Дали би прифатил/а дечко или девојка на некој твој близок другар/другарка или пак на твој роднина (брат или сестра) да биде од друга етничка група?**

(САМО ЕДЕН ОДГОВОР)

1. да
2. не

**Q6. Какви се твоите чувства кон следните етнички групи?**

(ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД)

| | Многу позитивни | Позитивни | Ниту позитивни ниту негативни | Негативни | Многу негативни |
|---|---|---|---|---|---|
| 6_1. Македонци | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6_2. Албанци | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6_3. Турци | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6_4. Роми | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6_5. Срби | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6_6. Власи | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 6_7. Други националности ____________ ____________________________________ | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

**Q7. Како би го опишал/а соживотот помеѓу учениците од различни етнички групи во твоето училиште?**

(САМО ЕДЕН ОДГОВОР)

1. многу добар
2. добар
3. ниту добар ниту лош
4. лош
5. многу лош

**Q8. Дали сметаш дека има или нема меѓуетнички тензии или инциденти во твоето училиште?**

(ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД)

| | Да, има | Не, нема |
|---|---|---|
| 8_1. Тензии | 1 | 2 |
| 8_2. Инциденти | 1 | 2 |

**P13. Според вас, што треба да се направи за да се подобри разбирањето помеѓу учениците од различни етнички групи во вашето училиште?**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

ВАЖНО (да се прочита):

Врсничко насилство (булинг) е облик на агресивно однесување кај децата на училишна возраст, што трае подолго време, се повторува и е насочено кон исто/исти лице/лица и подразбира нерамнотежа на моќ. Насилството може да има форма на физички и/или вербален булинг, сајбер-булинг, но и поретко препознаен, т.н. социјален булинг или исклучување. Карактеристика на булингот е насилното однесувањето кое се повторува или има потенцијал да се повтори, а малтретирањето вклучува различни активности како што се закани, ширење гласини, давање прекари, физички или вербален напад на некого, намерно исклучување на некого од група итн.

**Q9. Дали ти или некој од твоите соученици бил жртва на насилство во твоето училиштето?**

(МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ)

9_1. јас
9_2. други соученици
9_3. нема насилство во училиштето

**Q10. Дали сторителите на насилство припаѓаат на друга етничка група (етничка група различна од онаа на нападнатите ученици)?**

(САМО ЕДЕН ОДГОВОР)

1. да
2. не
3. нема насилство во училиштето

**B1 (Q11_12). Според тебе, колку често се присутни следниве форми на насилно однесување во твоето училиште?**

| | Само еднаш или 2 пати | 2 или 3 пати месечно | Приближно еднаш месечно | Неколкупати седмично | Никогаш |
|---|---|---|---|---|---|
| B1_1 Уништување на училишниот инвентар (клупи, столчиња, прозори, врати, компјутери) | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_2 Физичко казнување на учениците од страна на професорите | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_3 Навредување на учениците од страна на професорите | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_4 Застрашување, заканување врз учениците од страна на професорите | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| B1_5 Физички напад врз професорите од страна на учениците | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_6 Навредување на професорите од страна на учениците | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_7 Застрашување, заканување врз професорите од страна на учениците | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_8 Застрашување, заканување од други надворешни лица | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_9 Навредување, исмејување меѓу учениците | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_10 Изнудување (рекетирање) на ученици | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_11 Кражби на лични предмети | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_12 Носење нож од страна на учениците | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_13 Носење стап или палка од страна на учениците | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_14 Носење пиштол од страна на учениците | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_15 Тепачки меѓу учениците | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_16 Тепачки меѓу ученици од различна етничка припадност | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_17 Тепачки меѓу девојчиња и момчиња | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_18 Тепачки со ученици од други училишта | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_19 Изолирање | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_20 Допирање на тело на незгоден начин | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_21 СМС-пораки со непријатна содржина | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |
| B1_22 Друго (допиши) ___________ ________________________________ | 1 | 2 | 3 | 4 | 9 |

**B2. На кои места најчесто се случуваат тепачките меѓу учениците?**

(МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ)

во училниците
во училишните ходници
во тоалетите
во училишниот двор
на автобуската станица
во автобус
на друго место (допиши каде) ________________________________
нема тепачки во училиштето

**В3. Според тебе, кога најчесто се случува(ат) (тепачките) физичко насилство меѓу учениците?**
(МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ)

1. Кога се губат часови.
2. За време на одморите.
3. Меѓу смените.
4. Кога се доаѓа на училиште.
5. Кога се враќаме од училиште.
6. За време на часовите.
7. Друго (допиши) ___________________________________________________________________

**В4. Кои се, според тебе, најчестите причини за насилно однесување меѓу учениците?**
(МОЖНИ СЕ ПОВЕЌЕ ОДГОВОРИ)

1. самоодбрана
2. одбрана на другар/ка
3. омраза или одмазда
4. љубомора
5. меѓуетничка нетрпеливост
6. провокација (од погрдни пораки)
7. привлекување на внимание
8. лошо друштво
9. организација на час
10. семејни проблеми
11. средина
12. личноста на ученикот
13. друго (допиши) ___________________________________________________________________

**В6. Кога гледам или увидувам дека други ученици се насилни кон некој соученик, јас:**

1. ја одбранувам жртвата
2. пријавувам кај дежурниот наставник
3. ништо не правам, само набљудувам, тоа не се однесува на мене
4. ги бодрам насилниците
5. се приклучувам на насилниците

**В7. Дали се плашиш дека учениците од твоето училиште ќе бидат насилни кон тебе?**

1. никогаш
2. ретко
3. често
4. секогаш

**В13. Доколку некогаш си бил/а жртва на насилство, од кого си доживеал/а да бидеш малтретиран/а?**

1. врсници
2. постари ученици
3. помлади ученици
4. возрасни
5. не сум бил жртва на насилство

**B8. Кога некој е насилен спрема мене, јас:**

1. возвраќам на ист начин
2. барам помош од возрасни
3. не обраќам внимание, сеедно ми е
4. бегам
5. не сум бил жртва на насилство

**B9. Им се обраќам на родителите, доколку сум доживеал/а насилство од врсници**

1. никогаш
2. ретко
3. често
4. секогаш
5. не сум бил жртва на насилство

**B10. Кому и колку често се обраќаш во училиштето кога си жртва на насилство? (означи во секој ред)**

| | секогаш | често | ретко | никогаш |
|---|---|---|---|---|
| B10_1 Класен раководител | 1 | 2 | 3 | 4 |
